а) како советник на IIC (Investigator-In-Charge) за секоја безбедносна истрага за секоја несреќа и сериозен инцидент кој вклучува воздухоплов, освен она што е наведено во Анекс II на Регулативата (ЕЗ) бр. 216/2008, под контрола и дискреција на IIC (Investigator-In-Charge).

б) како советник за помош на акредитиран претставник(ци) (ACCREP-Accredited Representative) при секоја истрага за безбедност спроведена во трета земја каде се поканува надлежниот орган за истрага за безбедност да назначи акредитиран претставник во согласност со меѓународните стандарди и препорачаните практики за воздухопловни несреќи и истраги за сериозни инциденти, под надзор на ACCREP (Accredited Representative).

2.3.4 Известување за опасни материи

Опасни материи се производи или супстанции кои што можат да претставуваат ризик по здравјето, безбедноста, имотот или животната средина и кои се прикажани на листата на опасни материи во техничките упатства на ICAO за безбеден транспорт на опасни материи преку воздух или кои се класифицирани според тие упатства.

Важно е во рана фаза и без одложување да се утврди присуството на Опасни материи во воздухопловот. Овие информации можат да се добијат од Товарниот лист, директно од авиокомпанијата или екипажот на летање, кои можеби имаат Формулар за известување за опасни материи. Во случај да се сруши македонски управуван воздухоплов, КИНСИВ треба да добие информации за опасни материи од Операторот и за тоа да го извести надлежниот орган за странска истрага. Во случај кога Република Северна Македонија е државата на настанот, КИНСИВ треба да побара релевантни информации од надлежниот орган за странски истраги. Ако се присутни опасни материи, императив е овие информации да бидат дистрибуирани веднаш и директно на персоналот на местото на несреќата и до сите заинтересирани страни.

2.4 Одговор на истражителот

2.4.1 Општо

Барањата поставени за истражителите кои спроведуваат истрага ќе се разликуваат значително и тоа во зависност од природата на несреќата, нејзината локација и околностите. Од причина што не е можно да се предвидат сите состојби/ситуации, во овој дел се дадени насоки кои може да им помогнат на одделните истражители во подготовките при распоредување на терен.

2.4.2 Подготвеност

Дежурниот истражител (IOC-Investigator-On-Call) е прва точка на контакт кој нормално ќе обезбеди итен одговор. Како и да е, сите истражители треба да бидат на располагање за распоредување, освен ако не се на одмор, непосредно пред користење на одмор или имаат претходно договорени обврски.
Сите расположиви истражители треба да бидат во состојба да патуваат при итно известување со нивната лична опрема, по копно или воздух, како што е соодветно. Тие треба да имаат во предвид да понесат доволно лични предмети за 3 (три) дневно распоредување. Не се применуваат дефинирани правила за временските рамки за распоредување, но Дежурниот истражител (IOC-Investigator-On-Call) треба да биде во состојба да одговори во рок од еден час.
Истражителите кои патуваат до работат со приватен автомобил, треба да ја носат својата опрема и облека во својот автомобил или да ги чуваат овие работи во нивната канцеларија за да можат да се распоредат без да патуваат дома за да ја земат својата опрема.

2.4.3 Ниво на одговор

Одговорот на КИНСИВ ќе биде сразмерен со сериозноста на настанот, без разлика дали станува збор за приватен или комерцијален лет, или дали ќе се извлечат значајни лекции за безбедност од истрагата.
Начелно, КИНСИВ ги има следниве опции:

- Да не ја испитува појавата, туку да ги евидентира деталите за појавата со отворање на евиденција во тврда копија и електронска евиденција (нормално доколку смета дека настанот не може да се пријавува или дека нема лекции за безбедност што треба да се научат).
- Да ја испита несреќата/инцидентот преку кореспонденција.
- Да ја делегира истрагата на одобрен орган или организација.
- Да ја истражи несреќата/инцидентот со распоредување на „тим на терен“ при несреќи на воздухоплови на генерална авијација (GA-General Aviation) и некои сериозни инциденти во воздухопловите на комерцијалната авијација.
- Да ја истражи несреќата/инцидентот со распоредување на „тим на терен“ што може да вклучува акредитирани претставници и советници од странски држави (големи катастрофи).
- Да назначи акредитиран претставник (кој патува и кој не патува) и/или експерти (за несреќи во странство од интерес за Република Северна Македонија).
- Да назначи истражител за воздухопловни несреќи за да помогне или советува каде е вклучен државен воздухоплов и настанот не е предмет на истрага за КИНСИВ.

Во нормални околности, по приемот на нотификација за Дежурен истражител (IOC Investigator-On-Call), Дежурен истражител (IOC-Investigator-On-Call) ќе стане Главен истражител (IIC- Investigator-In-Charge) за таа посебна истрага.
Сепак, ова може да се промени согласно одлуката на Претседателот на КИНСИВ, заради природата на појавата или обемот на работа на секој истражител, итн.
Покрај тоа, можно е одредена истрага да може да се прераспредели, во било која фаза, кога ќе стане јасно дека прашањата покренати во истрагата подобро се решаваат од страна на личност со различна специјализација.
Исто така е дозволено IICs (Investigator-In-Charge), во дискусија со Претседателот на КИНСИВ; да ја надополни истрагата со статусот на „Теренска истрага“ доколку утврди дека е потребна значителна дополнителна работа на терен (патување надвор од седиштето на КИНСИВ).

2.5 Приоритети за користење доколку ресурсите на КИНСИВ се ограничени

КИНСИВ има ограничени ресурси за исполнување на постојаната побарувачка за истражување на сите несреќи и сериозни инциденти пријавени преку задолжителни и доброволни извештаи за настан. Може да се појави ситуација кога ресурсите на КИНСИВ за персонал се несоодветни, поради зголемување на активностите при несреќи, отсуство, работа надвор од канцеларијата и/или болест.

Кога постои таква состојба, ќе се донесе следниов редослед на приоритет за распоредување на ресурси на персоналот:

1. Воздухоплов на комерцијална авијација кој превезува патници (фиксно или ротирачко крило) со загуба на животи или сериозна повреда;
2. Воздухоплов на комерцијална авијација кој не превезува патници со загуба на животи;
3. Значајни не-фатални несреќи (сериозни инциденти) на комерцијални воздухоплови.
4. Фатални и значајни не-фатални несреќи на останати воздухоплови;
5. Сериозни инциденти, вклучително и кој било AIRPROX (кој најверојатно ќе биде во категорија А).

2.6 Теренски истраги

Спроведувањето на „Теренска“ истрага за смртоносна несреќа во која е вклучен воздухоплов на генералната авијација, вообичаено, ќе бара распоредување на двајца истражители. „Теренска“ истрага за несреќа (или сериозен инцидент) на воздухоплов на комерцијалната авијација, класифицирана како голема катастрофа, ќе бара распоредување на максимален број на истражители, плус соодветен персонал за поддршка на КИНСИВ. Може да биде потребна и дополнителна поддршка од други организации или земји.

2.7 Принципи за процесирање на предмети од остатоци

2.7.1 Општо

Ефективната истрага се потпира на чувствително и правилно постапување со предметите од интерес и одржувањето на соодветна евиденција при документирање на нивната состојба и локација со текот на времето.
Без разлика дали предметите од интерес се на лице место или во објект (хангар) изнајмен од страна на КИНСИВ, важат истите општи принципи.
Со оглед на разновидната природа на остатоците од воздухопловите, невозможно е доследно да се применат општите принципи на истраги, така што истражителите овие општи принципи ќе ги користат, изменат или прошират, како што се наложува, за да можат да се справат со која било посебна ситуација.

2.7.2 Снимање на оригиналната позиција

По пристигнувањето на местото каде што се наоѓаат остатоците, првата постапка е да направите А/С фотографии со помош на техниката WALK ARROUND (фотографија на секои 45 степени). Потоа, кога се работи со кој било дел од остатоците, потребно е да се документира нивната позиција, состојба и димензии. Ова најдобро се постигнува со фотографирање користејќи ознаки за идентификација на КИНСИВ, соодветни скали на мерки за да се даде чувство за димензија и индикација за ориентацијата на делот (горе, долу, итн.); за одвоени компоненти, ова исто така ќе вклучува детали за положбата на компонентата во однос на другите остатоци за да се вклучи индикација за ориентација (север, југ, растојание / лежиште, итн.).
Кога се фотографира, истражителите треба да бидат свесни за потребата од соодветна светлина и треба да се обидат да ги користат опциите кои се достапни на нивната камера за најдобар ефект. Може да се користат и огледала за да се обезбеди пристап до непристапни и невидливи делови на остатоците. Истражителите исто така треба да ја запомнат техниката „Холивуд“ и да направат првични фотографии од општата сцена со предметот во центарот, пред постепено да зумираат до компонентата на субјектот, додека се осигура дека ориентацијата може да се утврди последователно.
Ако делот се отстранува, документирајте ја секоја фаза од неговото отстранување. Можеби не е можно да се закачи ознаката за остатоци на делот што се наоѓа на самото место и во вакви случаи бројот на ознаката може да се стави на фотографијата или да може да се чуваат пишани записи за да се поврзат фотографиите со ознаката; сепак, ознаката треба да биде прикачена што е можно поскоро. Означените соседни компоненти треба да бидат фотографирани заедно, така што релативните позиции можат да бидат поврзани со референци за ознаки.
Секогаш проверувајте го квалитетот на фотографиите пред да продолжите; запомнете дека веројатно нема да има втора шанса да ги соберете овие информации и никогаш не можете да имате премногу фотографии. Делови за кои е потребно чистење треба да бидат фотографирани пред, после и по можност дури и за време на процесот на чистење.

Истражителите исто така треба да размислат за употреба на видео, со соодветен коментар, каде е вклучено динамично тестирање, на пр. обидувајќи се да го вклучат моторот да работи.

2.7.3 Пакување и испраќање на остатоци

Кога делот ќе стане достапен и ќе биде обележан, истражителот мора да одлучи како да продолжи понатаму.
Доколку делот бара дополнително тестирање, истражителот мора да ги идентификува потребните тестирања и локацијата на надлежната институција за тестирање.
Делот потоа треба да се спакува на соодветен начин, на пр. ако станува збор за електронска компонента ќе биде потребна торба-Електро статичко празнење (ESD), краевите од скршени метални компоненти никогаш не треба да се склопат, туку треба да се одделат и завиткаат поединечно, артиклите што содржат запаливи течности мора да бидат херметички запечатени и транспортирани како Опасен воздушен карго товар, итн. Истражителот треба да направи сопствена проценка, како и да прима совет од надлежни институции (на пр. Природно-математички факултет, Машински факултет итн.) за одредени тестирање, производителот на оригинална опрема итн.
Во зависност од чувствителноста и критичноста на компонентата на истрагата, истражителот може да одлучи самостојно да го предаде предметот до надлежната институција за тестирање, или може да одлучи да употреби соодветна комерцијална курирска услуга.

2.7.4 Протоколи за тестирање

Пред испраќање на предметот до надлежната институција за тестирање, истражителот ќе договори протокол за ракување со предмети и тестирање со надлежната институција. Аспектите кои што треба да бидат разгледани се: доверливоста, каде ќе се отстрани предметот од неговото пакување, од кого, истражителот треба да биде присутен за време на отпакувањето и/или тестирањето, обработката и зачувувањето на делот по тестирањето, документирање на самиот тест и неговите резултати, присуство на ACCREP (Accredited Representative) од државата на надлежната институција за тестирање. Може да се предвиди тест-програмата да биде постепена, на пример првичниот тест може да биде рендгенско или неутронско томографско испитување на компонента за да се процени нејзината внатрешна состојба. Резултатите од ваквото испитување ќе ја иницираат следната одлука, која може да биде или тестирање на компонентата за да се види дали таа работи правилно или нејзино расклопување, со можна употреба на деструктивни средства (на пр. моторна пила, итн.). Доколку е така, истражителот мора да има јасно дефинирани точки на пауза во процесот и само со негово изрично одобрување доколку процесот се одвива од точка на прекин. Истражителот, исто така, треба да осигура дека кога делот е подложен на трајно одвојување како дел од процесот на тестирање, на пр. пресек за металуршко испитување, да се направат ознаки кои го премостуваат рамнината на делот и овозможуваат пренамена на поединечните парчиња по тестот.

2.7.5 Враќање на остатоци во КИНСИВ

Кога сите тестирања се завршени, истражителот мора да осигура дека остатоците се вратени во надлежност на КИНСИВ каде што ќе бидат соодветно складирани за понатамошна употреба во рамките на истрагата на КИНСИВ или на друго место.
Истражителот потоа мора да го документира резултатот од тестирањето; природата на оваа документација може да биде во форма на извештај од надлежната институција за тестирање или може да биде извештај од истражителот.
Записите за сите фази на процесот треба да се одржуваат така што ќе може да се потврди стабилноста на процесот на тестирање и да се провери синџирот на надлежности доколку се појави потреба.
Последно, истражителите треба да запомнат акронимот на Swegennis & Woods **PIXTOW (Photograph, Index, X-ray, Test, Open and Write)** (Фотографирај, Означи, Сними, Тестирај, Отвори и Запиши) што дава добар преглед на постапката што треба да се следи.

2.8 Непречен пристап

2.8.1 Пристап и контрола

ЕУ Регулативата 996/2010 (член 11) предвидува овластување, што му овозможува на IIC (Investigator-In-Charge) да има непречен пристап до остатоците и сите релевантни материјали, вклучително и уреди за снимање на летови и записи на АТС, за да има неограничена контрола над процесот во насока да се обезбеди детално испитување, кое ќе биде извршено без одлагање од страна на овластен персонал кој учествува во истрагата.

2.9 Претставници и советници акредитирани од КИНСИВ

2.9.1 Општо

Истражителите на КИНСИВ, од време на време, ќе бидат назначени за акредитирани претставници (ACCREP-Accredited Representative), ако се случи несреќа кај македонски регистриран или управуван воздухоплов во странство и/или вклучува смрт, или сериозни повреди на македонски државјани, како што е детално опишано во ICAO Анекс 13 во врска со несреќи или сериозни инциденти надвор од Република Северна Македонија. „Советниците“ може исто така да го придружуваат ACCREP (Accredited Representative). По назначувањето од страна на ACCREP (Accredited Representative), на советниците и експертите ќе им биде обезбедена документација, во која ќе бидат дадени детали за нивниот статус и обемот на нивното учество во истрагата.

2.9.2 Акредитирани претставници (ACCREP-Accredited Representative)

ACCREP (Accredited Representative) е дефиниран како лице одредено од една држава, врз основа на неговите квалификации, со цел учество во истрага спроведена од друга држава.

2.9.2.1 Советник

Лице назначено од една држава, врз основа на неговите квалификации, со цел да му помогне на својот акредитиран претставник (ACCREP-Accredited Representative) во истрагата.

2.9.2.2 Експерт

Лице кое може да учествува во истрага во име на држава чиишто граѓани претрпеле фатални или сериозни повреди во несреќа.

2.9.3 Патување

Во одредени случаи, „ ACCREP (Accredited Representative)“ плус советник(ци) на КИНСИВ ќе патуваат до локацијата на несреќата надвор од Република Северна Македонија за активно да учествуваат во истрагата на таа држава. Сепак, ACCREP (Accredited Representative) може да биде назначен единствено за координирање на настан кој вклучува странска истрага за регистриран во Република Северна Македонија или опериран од Република Северна Македонија. Истражители на КИНСИВ или специфични лица од индустријата можат да бидат назначени за „советници“ на КИНСИВ ACCREP (Accredited Representative). Ова нормално ќе се случи кога ACCREP (Accredited Representative) се бара да патува до страната за странски несреќи. „Советници“ на КИНСИВ ќе бидат назначени заради подобрување на придонесот на КИНСИВ во истрагата или за стекнување искуство со странски истражни постапки.

„Експерт“ на КИНСИВ вообичаено ќе биде назначен доколку македонски државјанин се здобие со смртоносни или сериозни повреди во несреќата на воздухоплов надвор од Република Северна Македонија. Тука повторно не мора да се бара од „Експертот“ да патува, туку да дејствува единствено како точка на контакт помеѓу странскиот истражен тим и Министерството за надворешни работи и роднините на починатиот (ДЕЛ 6: СОРАБОТКА СО СТРАНСКИ ДРЖАВИ).

2.10 Работа со други организации во државата (паралелни истраги)

КИНСИВ може и да не биде единствениот орган/организација која спроведува истрага во врска со воздухопловна несреќа. Од суштинско значење е истражителите на КИНСИВ, особено IIC (Investigator-In-Charge), да ги координираат истражните процеси на КИНСИВ со други органи/организации за да се обезбеди исполнување на взаемните потреби на сите легитимни органи/организации. Ова е од особено значење кога се работи за зачувување на докази и земање и снимање на изјави на сведоци. Следниве органи/организации може да спроведат посебна и паралелна истрага:

- Министерство за внатрешни работи, кое може да дејствува во име на Јавниот обвинител и/или на Корисникот;
- Операторот на воздухопловот;
- Производителот на воздухопловот;

- Осигурителната компанија;
- Контролата на летање (АТС);
- Аеродромските власти.

Треба да се напомене дека само Јавниот обвинител и истражителите на КИНСИВ имаат законско право во однос на контролата на доказите на местото на несреќата.
Понатаму, се смета дека КИНСИВ има приоритет на местото на несреќата, освен ако појавените докази откриваат дека несреќата е резултат на кривично дело. Сепак, КИНСИВ не треба да ги попречува процесите на другите заинтересирани страни, бидејќи тие често имаат временски критични императиви, а за возврат активностите на другите заинтересирани страни не смеат да ја попречуваат истрагата за КИНСИВ или да заземаат предност над тоа. Најдобар компромис се постигнува со давање фактички информации на заинтересираните страни (фактички информации - резиме на списокот за проверка на теренски истраги). Како и да е, неопходно е да се одржи јасна линија помеѓу техничката истрага на КИНСИВ и истрагата спроведена од судските органи (Јавното обвинителство).

ГЛАВНИ ИСТРАГИ

3. ГЛАВНИ ИСТРАГИ

3.1 Вовед

Голема несреќа (комерцијален воздушен сообраќај) е несреќа која вклучува:

- Воздухоплов кој превезува патници или товар со MTOW поголем од 20 тони или;
- Несреќа во која има повеќе од 19 жртви од патниците или;
- Хеликоптерска несреќа во која има повеќе од 10 жртви.

Следниве упатства се креирани да осигураат дека за време на одговорот и фазата на истрагата на терен за големи несреќи, постои рамка која обезбедува дека клучните елементи што се бараат се дадени на структуриран начин. Тие не се наменети да бидат нормативни во смисла на ограничување на постапувањето на IIC (Investigator-In-Charge) за истрагата. Општо, стандардните процедури за КИНСИВ треба да се користат секогаш кога е можно. Известувањето за голема несреќа ќе биде обработено на стандарден начин за време и надвор од работното време. Дежурниот истражител (IOC-Investigator-On-Call) ќе го извести Претседателот на КИНСИВ и останатите истражители. Исто така, ќе бидат номинирани Главен истражител (IIC-Investigator-In-Charge) и заменик Главен истражител и ќе се формира почетен тим за одговор. Предвидено е дека ќе има првично распоредување на сите расположиви истражители на местото на несреќата. Заменикот на IIC (Investigator-In-Charge) ќе се смести во седиштето на КИНСИВ и во консултација со раководителот на администрацијата; КИНСИВ ќе биде отворена и ќе се ангажира персонал за да се извршуваат вообичаените должности при помош на заменикот на IIC (Investigator-In-Charge). Распоредувањето на резервниот административен персонал ќе се случи откако ќе се знае обемот на истрагата.
„Седиште на терен“ ќе биде поставено на локација во погодна близина на местото на несреќата (објект во владени на локална или државна управа), со можност да има целосна ИТ структура, конференциски, административни и управувачки капацитети
Истражителите треба да бидат подготвени со доволна количина на лична заштитна и безбедносна опрема, со претходно организирани начини за дополнување. Тие треба да имаат во предвид да носат со себе лична ИТ опрема, вклучувајќи лаптоп, напојување, кабел за модем, надоврешна меморија со далечински пристап и дигитални диктафони, итн. КИНСИВ има обврска да обезбеди доволна количина на лична заштитна и безбедносна опрема за надворешни именувани истражители.

3.2 Детали за истраги на големи несреќи

Деталите кои се однесуваат на: подготовка пред истрагата, известувањето и првичното реагирање, активностите на местото на настанот, активностите по местото на настанот, меѓународните истраги, пронаоѓање остатоци и помош за семејството, како и активности доделени на персоналот на КИНСИВ, детали за логистичка поддршка и координација со други меѓународни надлежни истражни тела и директно или индиректно инволвирани страни во несреќата, се наведени во Оперативниот прирачник во делот за големи несреќи.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПЕРСОНАЛ ЗА ПОДДРШКА

4. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПЕРСОНАЛ ЗА ПОДДРШКА

4.1 Вовед

При спроведување на активностите како „на терен“ така и „вон-терен“, истражителите честопати имаат потреба од поддршка од различни страни за да ја постигнат задачата ефективно и ефикасно. Оваа поддршка, до одреден степен, може да се обезбеди со сопствената логистика; меѓутоа, честопати се бара значителна помош од надворешни организации. Заради минимлниот број на административен персонал (едно лице) во случај на средни и големи воздухопловни несреќи, КИНСИВ ќе ангажира дополнителен надворешен административен персонал за непречена логистичка поддрша за времетрање на истрагата на лице место. Дополнителниот административен персонал во зависност од потребата ќе биде лоциран во седиштето на КИНСИВ или во „седиште на терен“ во погодна близина на местото на несреќата и ќе пружа поддршка на истражителите за време на фазата на распоредување на теренската истрага.
Надворешните организации генерално ја поддржуваат истрагата на КИНСИВ „на терен“, пронаоѓањето и транспортот на остатоците, управувањето со безбедноста на местото на несреќи и со „пост-теренско“ тестирање и истражување. Следните точки подетално ги опфаќаат персоналот и/или организациите и видот на поддршка што тие ги даваат.

4.2 Редовен и дополнителен административен персонал на КИНСИВ

Редовниот административен персонал на КИНСИВ има задача да го поддржува Комитетот во текот на редовното работно време (од 08:00 до 16:00 часот).
Меѓутоа, во случај на „средна и голема воздухопловна несреќа“, редовниот административен персонал на КИНСИВ може да биде повикан да присуствува во седиштето на КИНСИВ или да се распореди во просторијата за операции формирана во близина на местото на несреќата.
Ангажирање и распоредување на дополнителен административен персонал се врши од страна на истражителите на КИНСИВ.
Персоналот што се користи на овој начин ќе има право на надомест на трошоци во согласност со Законот за работни односи и подзаконските акти на КИНСИВ.
Должностите што се преземаат од персоналот на администрацијата на КИНСИВ за време на распоредување при воздухопловна несреќа се детално опишани во ДЕЛ 3: ГЛАВНИ ИСТРАГИ од овој Прирачник.

4.2.1 Административен персонал за поддршка

Административниот персонал ќе може да им помогне на истражителите со следново:

- Справување со известувања за несреќи / инциденти;
- Прифаќање дојдовни повици и детали за снимање;
- Обезбедување информации на истражители за воздухопловот (веб-пребарување);
- Известувања до странските власти и другите заинтересирани страни;

- Соопштенија за јавноста;
- Организирање на хотелско сместување и патување;
- Контакт информации;
- Добивање и одржување на информации за организација;
- Пронаоѓање на потребната релевантна документација на пр. прирачници, мапи, графикони и слично. Истражување за претходни случаи (препораки за безбедност);
- Организирање на состаноци / интервјуа;
- Ажурирање на списокот со информации за контакти;
- Скенирање / PDF документи;
- Фотокопирање на дневници, евиденција за одржување и сл.;
- Враќање на лични предмети и документација;
- Подготовка на коресподенција;
- Помош при подготовките за брифинзи, состаноци и презентации;
- Испраќање нацрт извештаи и конечни извештаи.

4.2.2 Справување со медиуми

Претседателот на КИНСИВ или лице овластено од него/неа е одговорно да ги објави информациите до јавноста (медиуми).

4.2.2.1 Првични изјави

Во првичните моменти од каква било несреќа или сериозен инцидент од висок профил за кој се бара распоредување на теренска екипа, важно е КИНСИВ да се согласи со други надлежни државни органи и да издаде, преку канцеларијата за печат, **првична изјава**.

Забелешка: Изјавите за медиуми не смеат да се мешаат со првичните извештаи на КИНСИВ, со специјалните билтени или со привремени извештаи.

Очигледно е дека, секоја несреќа/сериозен инцидент е различна, па оттаму **Прилогот бр. 4** на овој Прирачник вклучува пример на изјава од КИНСИВ која може да претставува основа за секој првичен одговор.
Првичната изјава треба да биде кратка изјава за факти што ги потврдува информациите од изворот на информацијата, доколку е можно.
Исто така, треба да се управува со првичните очекувања за тоа кога ќе бидат достапни дополнителни изјави/извештаи, доколку има. Давањето на првична изјава спречува формирање на вакуум на информации, што може да доведе до тоа приказната сама по себе да се создава, а исто така го минимизира ризикот од погрешно известување.

4.2.3 IT Поддршка

КИНСИВ има обврска да обезбеди специфична ИТ опрема, комуникација, поддршка и експертиза во седиштето, а во случај на воздухопловна несреќа или сериозен инцидент на локацијата определена како „седиште на терен“.

4.3 Надворешни организации

4.3.1 Министерство за внатрешни работи

Сè уште не е потпишан Меморандум за соработка помеѓу КИНСИВ и Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија со кој би се формализирале ангажманите за меѓусебна соработа на Министерството од страна на КИНСИВ, како и за соработка на КИНСИВ за несреќи на полициски воздухоплови. Како и да е, КИНСИВ и Министерството за внатрешни работи практикуваат меѓусебна соработка што подоцна ќе биде потврдена со потпишување на Меморандум за соработка.

4.3.2 Министерство за одбрана

Сè уште не е потпишан Меморандум за соработка помеѓу КИНСИВ и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија со кој би се формализирале ангажманите за меѓусебна соработка на Министерството од страна на КИНСИВ, како и за соработка на КИНСИВ за несреќи на воени воздухоплови. Како и да е, КИНСИВ и Министерството за одбрана практикуваат меѓусебна соработка што подоцна ќе биде потврдена со потпишување на Меморандум за соработка.

4.3.3 Дополнително ангажирање на надворешни експерти

КИНСИВ може да бара во текот на истрагата назначување на дополнителни специфични надворешни лица или експерти од други организации. Не треба да постои конфликт на интереси помеѓу назначувањето на дополнителнителните експерти во истрагата.

4.3.4 Патологија

Јавниот обвинител е овластен за извршување обдукции (Post-Mortem) извршени врз жртви во несреќа и тој/таа треба да одлучи кој ќе ја изврши обдукцијата.
Претседателот на КИНСИВ или овластен истражител од него ќе се поврзе со Јавниот обвинител заради понатамошна соработка во истрагата, што е можно поскоро по несреќата за да ги информира за првичните детали за несреќата (Види дел 12: РАБОТА СО СУДСКИ ОРГАНИ).

4.3.5 Медицински испитувања

Може да се појави потреба да се извршат специфични лекарски прегледи на екипажот на летот, кабинскиот екипаж, патниците и други инволвирани лица во авијацијата, кои на некој начин се поврзани со настанот. Доколку се утврди потреба, медицинските прегледи се извршуваат експедитивно и од страна на соодветно квалификуван лекар.

4.3.6 Производители и организации за одржување на воздухоплови

КИНСИВ нема никакви формални договори со организациите на производители за поддршка на истраги за КИНСИВ. Во пракса, истражителите тесно соработуваат со оние организации чија услуга или производ е поврзана со одредена несреќа без разлика дали е во центарот на фокусот или не.

Објектите предвидени за оваа намена нормално се обезбедуваат без надоместок, затоа што вообичаено е во најдобар интерес на организациите да помогнат во истрагата за да се открие, уште во првата можна прилика, дали нивниот производ или услуга на било кој начин има недостаток и бара превземање на соодветна безбедносна мерка.

Оваа соработка со КИНСИВ се негува повеќе години и не треба да се наруши од страна на вклучените истражители. Неопходни се соработка, почитување и обѕирност, додека се води непречена независна истрагата за КИНСИВ, за да се одржи ова ниво на помош.

ОДРЕДБИ ЗА ПАТ И СМЕСТУВАЊЕ

5. ОДРЕДБИ ЗА ПАТ И СМЕСТУВАЊЕ

5.1 Општо

Патувањето до местото на несреќата што е можно поскоро по настанот, обезбедува минимална загуба и нарушување на доказите на местото на настанот.

5.2 Патување

5.2.1 Вовед

Истражителите имаат 6 основни начини на транспорт при распоредување на местото на несреќата. Тие треба да се согласат со најпогодната опција одобрена од страна на Претседателот на КИНСИВ.

1. Возило за брза реакција на КИНСИВ;
2. Приватен автомобил;
3. Изнајмен автомобил;
4. Полициски/Воен воздушен/воден транспорт;
5. Комерцијален воздушен транспорт;
6. Изнајмен воздушен/воден транспорт.

5.2.1.1 Возило за брз одговор на КИНСИВ

КИНСИВ има две возила за непосредна реакција Dacia Duster и VW Passat и една товарна приколка.

5.2.1.2 Усогласување со правилата на пат

Сите лица кои управуваат со возилата на КИНСИВ подлежат под одредбите на Законот за безбедност на патниот сообраќај и истиот мора да го почитуваат.
Возилата за непосреден одговор, ако сте вклучени во сообраќајна несреќа (RTA), мора да ги почитуваат следниве насоки:

- Не прифаќајте никаква одговорност;
- Кога е соодветно, повикајте полиција;
- Фотографирајте го местото на несреќата и оштетувањето на возилата и/или имотот;
- Земете детали за другото возило;
- Дајте ги вашите детали на другата страна, доколку тоа е побарана од вас;
- Информирајте ја канцеларијата за администрација на КИНСИВ за несреќата и осигурителната компанија.

5.2.1.3 Управување со возила

КИНСИВ има обврска редовно да ги сервисира сите службени возила согласно упатствата на производителот.

5.2.2 Упатства за влечење

Во одредени случаи може да се појави потреба истражителите да прикачат приколка на возило на Комитетот. Во овие случаи потребно е да се разгледаат законските одредби за безбедност на патиштата заради запознавање и усогласување со процедурите, доколку некој од извршителите не влечел приколка претходно или доколку поминало подолго време од последен пат на употреба.

5.2.3 Воен воздушен транспорт

Не постои Меморандум за соработка помеѓу КИНСИВ и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија. Сепак, КИНСИВ може да користи ресурси на военото воздушен сообраќај и да практикува меѓусебна соработка.
Достапноста на овие ресурси зависи од оперативните ангажмани/приоритети на воените воздухопловни власти. Дозвола за употреба на воен воздушен транспорт КИНСИВ мора да побара од надлежното Министерство за одбрана (Командата на воздухопловните власти).

5.2.4 Полициски воздушен транспорт

Не постои Меморандум за соработка помеѓу КИНСИВ и Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија. Сепак, КИНСИВ може да користи ресурси на полицискиот воздушен сообраќај и да практикува меѓусебна соработка.
Достапноста на овие ресурси зависи од оперативните ангажнмани/приоритети на полициските воздухопловни власти. Дозвола за употреба на полициски воздушен транспорт КИНСИВ мора да побара од надлежното Министерство за внатрешни работи (Директор на БЈБ).

5.2.5 Комерцијален воздушен транспорт

Истражителите кои патуваат со воздухоплов вообичаено треба да резервираат економска класа, при што треба да се земе во предвид најдобрата вредност за парите.
Во редовно работно време, сите патувања со воздухоплов се резервираат преку партнери на КИНСИВ. Истржителите кои веќе се „на терен“ кои бараат дополнителен авионски превоз од она што е веќе резервирано, можат или да направат сопствени аранжмани и да бараат рефундирање на трошоците при нивното враќање во седиштето на КИНСИВ, или да се јават во канцеларијата за администрација на Комитетот за тие да направат резервација во нивно име.

Сепак, сите вакви дополнителни летови треба нормално да бидат дискутирани и одобрени од страна на Претседателот на КИНСИВ.
Патувањето до и од аеродромите мора да ги земе предвид специфичните потреби на секој истражител и ќе ја земе предвид најдобрата вредност за цената.

5.3 Сместување

5.3.1 Хотелски резервации

Истражителите и персоналот за поддршка имаат право на еднокреветна соба во соодветна хотелска просторија додека се наоѓаат на местото на несреќата или на состанокот. Секторот за администрација на КИНСИВ ги прави потребните аранжмани за време на работното време. Резервациите можат да се направат со користење на Интернет или преку хотелските водичи. На местото на несреќата, надвор од работното време, истражителите ќе го резервираат хотелот на свој аранжман. КИНСИВ ќе ги покрие споменатите трошоци.

5.3.2 Стандарди за хотел

Сместувањето во хотелот треба да биде со стандард што ќе обезбеди потребно ниво на удобност и безбедност за поддршка на 24 часа работење од страна на тимот на КИНСИВ. Сместувањето треба, кога е можно, да обезбеди услови за следниве минимални стандарди на собите:

- Да бидат опремени со телевизија, телефон, интернет врска / Wi-Fi;
- Да бидат климатизирани;
- Да бидат релативно звучно изолирани;
- Да бидат опремени со биро и стол погоден за пишување извештаи.

5.3.3 Безбедност на информации

Иако истражителите природно сакаат да разговараат за истрагата за време на пијалок или вечера, тие треба да имаат во предвид дека нивните разговори во бар или трпезарија можат да бидат слушнати. Членови на медиумите или роднини на починатите може да бидат присутни во хотелот и од тие причини итражителите треба да бидат исклучително дискретни.

СОРАБОТКА СО СТРАНСКИ ДРЖАВИ

6. СОРАБОТКА СО СТРАНСКИ ДРЖАВИ

6.1 Вовед

КИНСИВ има обврска, во согласност со Стандардите и препорачаните практики детално дадени во ICAO Анекс 13 (4.1), да извести и покани на учество во истрагата странски држави со специфичен интерес за истрагата на воздухопловната несреќа што се случила во Република Северна Македонија. Ова може да биде државата на регистрација, држава на операторот, држава на дизајн или производство (конструкција, мотори или големи компоненти и системи) или држава со посебен интерес (фатални жртви од државата). Исто така, според деталните одредби во ICAO Анекс 13 (5.22), кога КИНСИВ спроведува истрага за воздухопловна несреќа со максимална маса над 2250 кг, може конкретно да побара учество од државата на регистрација, државата на операторот и државата на дизајн и државата на производство. Секоја од засегнатите држави назначуваат ACCREP (Accredited Representative). Известувањето ќе биде подготвено на англиски јазик како еден од официјалните јазиците на ICAO. Известувањето се испраќа без одлагање. Исто така, странска држава има обврска да ја извести КИНСИВ за било каква воздухопловна несреќа или сериозен инцидент што е предмет на истрага во таа држава која ја засега Република Северна Македонија како конретна држава и да ја покани за учество во истрагата. Истражителите на КИНСИВ можат да учествуваат во истраги за воздухопловни несреќи и сериозни инциденти кои се случуваат во странска држава во едно од следниве својства:

- Како македонски акредитиран претставник (ACCREP-Accredited Representative) што ја претставува Република Северна Македонија како земја на регистрација, држава на операторот, државата на дизајнот или земјата на производство. КИНСИВ, исто така, ќе има право да назначи ACCREP (Accredited Representative), дури и ако само обезбедува, информации, установи или експерти на барање на државата која ја спроведува истрагата (Анекс 13 став 5.23).
- Како СОВЕТНИК на истражителот на КИНСИВ, кој работи како македонски ACCREP (Accredited Representative).
- Како ЕКСПЕРТ кој ја претставува Република Северна Македонија како држава чии граѓани се жртви или претрпеле сериозни повреди.
- Како НАБЉУДУВАЧ кој го придружува истражителот на КИНСИВ кој работи како ACCREP-Accredited Representative, или кој помага во странската истрага директно кога македонски ACCREP (Accredited Representative) нема право да биде назначен.

6.2 Странски организации за истрага на воздухопловни несреќи (AAIO)

Комуникациите со странските држави, во врска со воздухопловни несреќи, ќе се одвиваат вообичаено и првенствено преку националната организација за истраги на несреќи на авиони (AAIO) на засегнатата држава.

6.3 Акредитирани претставници

6.3.1 Назначување на ACCREP (Accredited Representative)

Во Република Северна Македонија, КИНСИВ има одговорност за назначување македонски ACCREP (Accredited Representative) за истрага надвор од Република Северна Македонија, за кое Претседателот на КИНСИВ носи поединечни одлуки. Правилото на КИНСИВ е да назначи ACCREP (Accredited Representative), каде што странско истражно тело спроведува истрага за македонски воздухоплов регистриран или управуван во странство. Одлуката дали ACCREP (Accredited Representative) и тим истражувачи (советници на ACCREP-Accredited Representative) треба да патуваат во странство, ќе биде донесена од Претседателот на КИНСИВ. Назначеното лице може да биде „ACCREP-Accredited Representative кое патува“ или „ACCREP (Accredited Representative) кое не патува“. Во секој случај, ACCREP (Accredited Representative) ќе биде информиран од Претседателот на КИНСИВ и ќе биде одговорен за неговото учество во истрагата надвор од Република Северна Македонија.

6.3.2 Потврда за учество

Важно е без одлагање да се советува државата што ја спроведува истрагата, дека Република Северна Македонија сака да учествува во истрагата и дека има намера да назначи ACCREP (Accredited Representative) и онаму каде што е потребно советници. Ако се донесе одлука за патување, деталите за лицата кои патуваат и аранжманите за патувања се доставуваат што е можно поскоро. Претседателот на КИНСИВ ќе издаде ACCREP (Accredited Representative) „кој патува“ со официјално писмо за акредитација пред заминување од Република Северна Македонија. Ќе се направи напор се за да се обезбеди присуство на КИНСИВ надвор од Република Северна Македонија кога несреќата вклучува загуба на живот или сериозна повреда на патник за време на комерцијален лет, или комерцијален лет кој не превезува патници со загуба на живот. Писмото за назначување на ACCREP е дадено како **Прилог бр.5** на овој Прирачник.

6.3.3 Привилегии на ACCREP (Accredited Representative)

ACCREP (Accredited Representative) ја претставува Владата на неговата или нејзината земја за време на специфична истрага надвор од Република Северна Македонија. Привилегиите на ACCREP (Accredited Representative) се однесуваат на именуваното лице, а не за советниците. Привилегиите утврдени во Анекс 13 глава 5 се:

- Посета на местото на несреќата;
- Испитување на остатоците;
- Добивање информации од сведоци и предложување на области при сослушување;
- Целосен пристап до сите релевантни докази што е можно поскоро;
- Добивање копии од сите релевантни документи;
- Учествување во испис на снимени медиуми;
- Учествување во теренски истражувачки активности како што се испитувања на компоненти, технички брифинзи, тестови и симулации;
- Подготвување поднесоци во врска со различните елементи на истрагата.

Забелешката 1 за точка 5.25 од Анекс 13 е многу важна. Во неа се вели: „Признато е дека формата на учество ќе подлежи на процедурите на државата во која се спроведува истрагата, или дел од истата.

Оваа забелешка треба да се има предвид кај ACCREP (Accredited Representative) од Република Северна Македонија кога може да изгледа дека се прикриваат една или повеќе привилегии.

6.3.4 Обврски на ACCREP (Accredited Representative)

ACCREP (Accredited Representative) ги има следниве обврски:

- Да и ги обезбеди на државата што ја спроведува истрагата сите релевантни информации што му се достапни;
- ACCREP (Accredited Representative) и советниците помагаат при креирањето на „теренски белешки“ кои се фактичка информација за време на теренската истрага;
- Во однос на препораките за безбедност, ACCREP (Accredited Representative) делува како „посредник“ помеѓу IIC (Investigator-In-Charge) и државата што тој/таа ја претставува. Во случај на препораки за безбедност во врска со таа држава, ACCREP(Accredited Representative) е должен да ги претстави препораките за безбедност на сите засегнати страни и да ги следи коментарите и имплементациите на препораките за безбедност;
- Да не се даваат информации за напредокот и наодите од истрагата без изречна согласност од државата што ја спроведува истрагата.

6.3.5 Протокол за истраги

Од суштинско значење е ACCREP (Accredited Representative) да формира пријателска работна врска со одговорниот IIC (Investigator-In-Charge) назначен од странската држава. Советниците од македонските оператори или организации треба да бидат брифирани дека иако можат секојдневно да работат независно од ACCREP (Accredited Representative), евентуално во групи специјализирани за одредени аспекти на истрагата, официјалната комуникација со IIC (Investigator-In-Charge) е преку македонскиот ACCREP (Accredited Representative).
Македонскиот ACCREP (Accredited Representative) мора да нагласи дека несоодветното однесување, неодобреното објавување на доверливи информации и некоординирани соопштенија за медиумите може да предизвика на советниците да им биде забрането учествуво во понатамошната истрага и сето тоа може да доведе до дипломатски реперкусии.

6.3.6 CVR/FDR Податоци

ACCREP (Accredited Representative) има право да учествува во повторно слушање на снимени медиуми. Нормално, FDR податоците се споделуваат без тешкотии, но правото на „учество“ не се однесува на копијата од гласовната снимка во кабината.

Ако копија од CVR снимката или преписот е достапна на ACCREP (Accredited Representative), таа треба да се чува безбедна и да не се споделува со лица што не се припадници на КИНСИВ, вклучително и со кој било советник, без дозвола на IIC (Investigator-In-Charge).

6.3.7 ACCREP (Accredited Representative) кои не патуваат

Државите кои истражуваат може да побараат помош од КИНСИВ со прибирање информации во рамките на Република Северна Македонија за „не-големи“ несреќи во странство. Во вакви случаи, вообичаена практика е да се назначи истражител како точка на контакт кој ја исполнува улогата на ACCREP (Accredited Representative) без да патува во Државата на настанот. Во вакви случаи, вообичаената писмена комуникација, вклучувајќи електронска пошта и факсови, се сметат за доволно известување за статусот ACCREP (Accredited Representative) и не се издава или очекува официјално писмо за акредитација. Наименуваниот истражител може да има задача да собира информации или изјави што ги бара државата која истражува. Ова може да вклучува патувања во рамките на Република Северна Македонија.
ACCREP (Accredited Representative) кој не патува треба да побара копија од конечниот нацрт-извештај и да биде одговорен за читање и коментирање на истиот доколку е соодветно/потребно.

6.3.8 Македонски советници кои помагаат на ACCREP (Accredited Representative) кои не патуваат

Можеби ќе биде потребно ACCREP (Accredited Representative) кој не патува да побара помош од македонските советници (стручни лица) за да собираат информации што ги бара државата која истражува за понатамошно проследување. Понекогаш, истражителите кои се надвор од Република Северна Македонија ќе сакаат да патуваат во Република Северна Македонија, за да го следат испитувањето на компоненти или да интервјуираат сведоци. Во тој случај, ACCREP (Accredited Representative) кој не патува ќе треба да ги придружува истражителите кои се надвор од Република Северна Македонија додека тие ги спроведуваат формалните аспекти на нивната истрага на територијата на Република Северна Македонија.

6.3.9 Советници на ACCREP (Accredited Representative) кои патуваат

Истражителите на КИНСИВ кои се назначени како ACCREP (Accredited Representative) може да бидат придружувни од други истражители од КИНСИВ или од други надворешни лица назначени од Операторот или од некоја надлежна институција во Република Северна Македонија.
Република Северна Македонија (КИНСИВ) како земја на регистрација и оператор, или земја на регистрација или оператор, по потреба ќе назначи еден или повеќе советници, предложени од операторот, да им помагаат на своите ACCREP (Accredited Representative).
Ако се согледа дека ниту државата на регистрација ниту операторот не назначат ACCREP (Accredited Representative), државата што ја спроведува истрагата треба да го покани операторот да учествува.

Покрај тоа, државата на дизајн и производство има право да назначи еден или повеќе советници, предложени од организациите одговорни за дизајнот на типот и конечното склопување на воздухопловот, да им помагаат на нивните ACCREP (Accredited Representative).
Меѓутоа, се смета дека ако ниту една држава на дизајн или производство не назначи ACCREP (Accredited Representative), државата што ја спроведува истрагата треба да ги покани организациите одговорни за дизајнот на типот и последното склопување на воздухопловот да учествуваат.
Истражителите и/или лица кои го придружуваат ACCREP (Accredited Representative) ќе бидат назначени за негов/нејзини советник(ци) и ќе добијат писмо за назначување од Претседателот на КИНСИВ. Писмото за назначување на Советници на ACCREP е дадено како **Прилог бр.6** на овој Прирачник.
Корисно е ако истражителите можат да договорат да се сретнат со советници што не се од КИНСИВ пред да пристигнат на местото на несреќата, за да може да разговараат за протоколите на истрагата.

6.4 Експерти

Експертот ја претставува Република Северна Македонија како држава што има претрпено смртни случаи или сериозни повреди на своите граѓани. Привилегиите на експертот се различни од оние на ACCREP (Accredited Representative). Како што е предвидено во Анекс 13, став 5.27, правата на експертот се:

- Да го посети местото на несреќата;
- Да има пристап до релевантните фактички информации;
- Да учествуваат во идентификација на жртвите;
- Да помогне во сослушување преживеани патници кои се граѓани на експертската држава;
- Да добие примерок од финалниот извештај;

Во пракса, експертите обично ќе добијат слични, ако не и идентични привилегии на оние на ACCREP (Accredited Representative), но назначениот експерт треба да запомни дека треба да се бараат дополнителни привилегии на дипломатски и тактичен начин.

6.5 Извештаи за напредок

ACCREP (Accredited Representative) кои работат во странство треба рутински да испраќаат извештаи до КИНСИВ за сопствениот напредок и напредокот на истрагата. Овие „извештаи за напредокот“ треба да се направат врз основа на „теренските белешки“. Сепак, ACCREP (Accredited Representative) мора да бидат внимателни и да избегнат откривање на оние информации што не биле одобрени за објавување на КИНСИВ од страна на IIC (Investigator-In-Charge). Телефонските повици и факсовите се посигурни за таа цел отколку електронската пошта.

Истражителите на КИНСИВ кои учествуваат во истрагата надвор од Република Северна Македонија, при враќањето во штабот, треба да состават извештај во кој се опишани околностите на несреќата и напредокот на истрагата, укажување на областите во кои е потребно да се доврши работата и какви обврски се прифатени во врска со тоа во име на КИНСИВ. Извештајот треба да содржи и други коментари, вклучително и оние кои се однесуваат на начинот на кој истражниот орган ја спровел истрагата или какви било невообичаени правни аспекти.
Извештајот за напредокот, кој треба да биде комплетиран од страна на ACCREP (Accredited Representative) во рок од 14 дена од неговото враќање во седиштето, треба да биде ставен во главното досие кое се однесува на несреќата.

6.6 Привремени извештаи

Доколку државата што ја спроведува истрагата не може да го објави конечниот извештај во рок од 12 месеци по настанот, ICAO Анекс 13 и ЕУ 996/2010 бара објавување на привремен извештај или привремена изјава.

<u>Анекс 13</u>

- Операциите за отстранување на остатоците на паднатиот воздухоплов најверојатно ќе наметнат сериозни ризици и имаат потреба од внимателна контрола. Организациите кои се ангажирани за отстранување на воздухопловот, мора да соработуваат и да ги координираат нивните операции со останатите на самата локација. КИНСИВ е одговорен за безбедно функционирање на локацијата по првичниот одговор на итни случаи, сè додека формално не ја предаде контролата на локацијата на други институции или организации.

9.2.2.4 Кордони

Опасностите што се среќаваат на местото на несреќата може да бараат поставување на кордон околу локацијата од страна на IIC (Investigator-In-Charge) или назначен истражител, преку кој персоналот може да помине само под строго контролирани услови. На пример, ако се процени од страна на IIC (Investigator-In-Charge) дека местото има какви било опасности, без оглед дали тие се биолошки, поврзани со воздухопловот, итн., тогаш мора да се постави физички кордон кој ќе го ограничи пристапот само на персонал кој е соодветно опремен со потребната лична заштитна опрема (PPE) и кој е соодветно обучен и квалификуван да влезе и да работи во опасната област.
Кордонот треба да има само една точка за влез и излез до и од локацијата. IIC (Investigator-In-Charge) треба да назначи истражител како службеник за безбедност на локацијата. Тој/таа ќе провери дали сите лица што сакаат да влезат во линијата на кордонот се соодветно опремени и имаат соодветна обука за опасност.

Персоналот што излегува од опасното место ќе има потреба од објекти за одлагање на личната заштитна опрема (PPE), како што се заштитни костуми и ракавици, отстранување на маски во вреќи за ѓубре, прскање или друг начин на чистење на опремата (на пример чизмите). Службеникот за безбедност на локацијата треба да осигура дека таквите капацитети се обезбедени и правилно се користат и се чистат.

9.3 Операции на местото на несреќата

9.3.1 Лична безбедност

Операциите на местото на несреќата носат спектар на опасности по здравјето при работа на персоналот во истрагата, со променливо и повремено високо ниво на ризик. Персоналот кој работи на местата на несреќа или инциденти мора да осигури дека е извршена првична проценка на ризиците по здравјето и безбедноста за себе пред да се започне со работа. Оценката можеби е веќе спроведена од агенциите кои го контролираат местото, на пр. противпожарната служба, или полицијата, и треба да се разговара со присутното одговорно лице од овие агенции. Проценките на ризикот треба да бидат разгледани во текот на работењето на терен за да се осигури дека се користат соодветни контролни мерки.
Истражителите треба да бидат свесни дека постојат главни планови за итни ситуации во сите области на локалната власт и можат да бидат активирани од која било од главните агенции за одговор: локалните власти, полицијата итн. Главните планови за итни ситуации на секоја агенција поединечно го предвидува начинот на одговор на сопствениот персонал како и начинот на соработка со останатите агенции при итни ситуации.

9.3.2 Безбедност на локацијата

Во одредена фаза (најверојатно по првичниот одговор) за време на теренска истрага за несреќата на цивилен воздухоплов, контролата на активностите на местото ќе премине во одговорност на КИНСИВ. Најважно е, не само за интегритетот на истрагата, туку и за безбедноста на самите лица кои помагаат, назначениот Главен истражител (IIC-Investigator-In-Charge) да воспостави добра контрола на влезот и излезот од местото, за да се избегнат жртви или губење на докази. **Истражителите на КИНСИВ мора да покажат визија, лидерство и контрола кога делуваат како IIC (Investigator-In-Charge), користејќи проценки, вештини, знаења и искуство како што е соодветно. Истражителите треба да бидат свесни за потенцијалните опасности на местото на несреќата и какви мерки на претпазливост треба да се преземат.**
IIC (Investigator-In-Charge) треба да го информира истражниот тим за сите познати и потенцијални опасности и треба да воспостави безбедносни практики. Во справувањето со современите лесни летала, потребно е да се провери дали е опремен со систем за балистичко обновување. Поддршката на противпожарната служба и специјалистите за опасни материи треба да биде наведена, доколку е потребно, за да се проценат постојните и потенцијалните опасности и да се информираат за истражниот тим, како што е соодветно.

Треба да се напомене дека улогата на истражителите е да ја испитаат несреќата, а не да се справуваат со пожари или да отстрануваат опасни материи. Тоа е обврска на службите за спасување.

9.3.3 Мерки на претпазливост против пожар

Постои висок ризик од пожар поврзан со повеќето остатоци од воздухопловот и треба да се преземат мерки на претпазливост за да се обезбеди заштита на целиот персонал, како и заштита на остатоците. Противпожарната опрема треба да биде достапна додека постои голем ризик од пожар и во никој случај не смее да се дозволи пушење во рамките на заштитеното подрачје. Акумулаторите треба да се исклучат што е можно поскоро и ако резервоарите за гориво на воздухопловот се сè уште полни, треба да се испразнат. Количината на гориво отстранета од секој резервоар треба да се измери и евидентира. Доколку големо количество на гориво е истурено, истражителите мора да ја контролираат секоја активност што може да ја зголеми можноста за палење, како што е движење на делови од остатоци. Треба да се внимава и да се контролираат можните извори на палење, како што е статичкиот електрицитет. Исто така, треба да се избегне употребата на радио или електрична опрема или употреба на опрема за спасување сè додека не се процени и елиминира ризикот од пожар.

9.3.4 Одговорности

Кога КИНСИВ го контролира местото на несреќата, IIC (Investigator-In-Charge), ќе има одговорност за целокупното безбедно работење на местото во име на КИНСИВ. IIC (Investigator-In-Charge) мора да осигура, доколку е применливо, дека се спроведува политиката и процедурите за заштита при работа и здравје и се следат безбедни работни практики на КИНСИВ. Оние што се одговорни за безбедно работење на местата за несреќи (IIC или делегиран персонал) треба да обезбедат, колку што е разумно практично, дека:

- Опасностите се идентификуваат и проценуваат, а безбедносните мерки како што се кордоните се воведуваат и се почитуваат;
- На персоналот што работи на локацијата им се обезбедени сите достапни информации за опасностите и активностите што можат да влијаат врз нивната безбедност и здравје;
- Операциите на локацијата се следат за да се осигури дека работата се спроведува во согласност со сите контролни мерки, на безбеден и прифатлив начин.

9.3.5 Персонал, соработници и посетители

Со цел да се ограничи изложеноста на потенцијални опасности, пристапот до локацијата треба да биде строго ограничен на персоналот кој има потреба да биде на лице место како дел од неговите должности.

Соработниците мора да бидат советувани за опасностите поврзани со локацијата (каде тоа може да влијае на нивниот персонал и/или работењето) и тие треба да бидат претпазливи пред влезот за да бидат во согласност со сите контролни заштитни мерки што се на сила.
Соработниците се одговорни за здравјето и безбедноста и постапувањето на нивните вработени. Тие исто така се одговорни за обезбедување на лична заштитна опрема (PPE) за нивните вработени според стандардот што го бара IIC (Investigator-In-Charge). **Персоналот кој помага во истрагата по барање на КИНСИВ треба да има или да се обезбеди со соодветна лична заштитна облека, опрема и објекти.** Онаму каде е можно, на овој персонал треба однапред да му се дадат предупредувања за состојбите на лице место, за да може да понесат предмети од личната заштитна опрема (PPE) и комплетна облека соодветна за временските услови.

Кога македонските воздухопловни сили и нивниот персонал помагаат во отстранување на цивилните воздухоплови, тие ќе бидат одговорни за здравјето и безбедноста и придружните активности единствено на сопствениот персонал. Тие не прифаќаат никакви одговорности за безбедно работење на самата локација и не се обврзани да поставуваат безбедносни стандарди/процедури за други лица. Како и останатите соработници, така и персоналот на воздухопловните сили треба да има информации за утврдени опасности и детали за мерките за контрола што ги спроведува КИНСИВ. Како и да е, тие треба да направат свои проценки за ризиците на персоналот во врска со нивното работење, да постават свои мерки за контрола и да обезбедат свои лични заштитни опреми (PPE) за задачите кои им се доделени.

9.3.6 Ангажирање и работење со специјализирана опрема

Обезбедувањето соодветни квалификации на соработниците е тешка задача за време на работењето на местото на несреќата. За таа цел, КИНСИВ ангажира и користи соработници кои имаат широк спектар на опрема и искуство во обезбедување на услуги за отстранување на остатоци за Комитетот. Кога е можно, треба да се користат соработници. Како и да е, не може секогаш да биде најпрактично или најисплатливо да се користат вообичаени соработници, особено ако местото на несреќата е непристапно или е многу оддалечено од Скопје. Затоа, треба да се размисли за извори на локално ниво. Онаму каде што тоа е можно, треба да се побара совет од локалните организации да помогнат во идентификување на соодветни соработници. Полицијата, локалните власти, аеродромските оператори, организациите за одржување, итн. најверојатно, ќе имаат списоци на одобрени/овластени соработници и обично можат да помогнат со обезбедување на детали за контакт.

9.3.7 Совети од специјалисти

За да се помогне во идентификувањето на опасностите и да се обезбеди исполнување на обврските според законодавството за безбедност, здравје и заштита при работа, можеби се потребни специјализирани научни услуги на местото на несреќата.
Специфични области за кои е потребен научен совет може да вклучуваат проценка на ризик од опасни материи и радиоактивни материи.

Покрај тоа, локалните противпожарни служби и локалните власти имаат контакти, на кои исто така може да им се пристапи, а може да бидат контактирани и организации, како што е Министерството за заштита на животната средина и просторно планирање, за да дадат помош во нивната област на експертиза.

9.3.8 Врски со други агенции

Во текот на сите фази на работа на лице место, сите организации што работат на лице место се обврзани со законодавството за здравје, безбедност и заштита при работа да обезбедат дека тие меѓусебно се координираат и ефективно соработуваат за да ги намалат ризиците по здравјето и безбедноста на персоналот. Информациите за опасностите и ризиците мора да се разменуваат, а операциите и процедурите мора да бидат дискутирани и договорени меѓу организациите кои работат на лице место. На местата за големи несреќи, можеби е неопходно да се формира група за управување за да се обезбеди ефикасно и безбедно работење. Во раната фаза, соодветен персонал од КИНСИВ, полицијата, противпожарните служби, локалната власт, сопствениците на земјиштето, Министерството за заштита на животната средина и просторно планирање, специјалисти советници и др. треба да се состанат за да разговараат и координираат активности на лице место по однос на здравјето, проценки на безбедност и ризик на животната средина.

9.3.9 Сместување

Соодветно сместување треба да се обезбеди на или во близина на локацијата за да се задоволат потребите на персоналот на локацијата во однос на тоалетите, простории за перење/туширање, промена на облека, складирање и простории за состаноци. Може да се бара и осветлување и греење. Преносните кабини и шаторите на надувување се генерално достапни преку локални извори, вклучително и локални власти, одбранбени сили (МО), Дирекција за заштита и спасување (ДЗС) или преку специјализирани услуги за изнајмување.

9.3.10 Предавање на местото на несреќата

При предавање на контролата на местото на несреќата на други агенции или субјекти сите достапни информации за опасностите на местото и ризиците кои произлегуваат од несреќата треба да бидат предадени на претставник на организацијата што го превзема местото (first responders).

9.4 Лична заштита

9.4.1 Опрема за лична заштита (PPE)

КИНСИВ обезбедува лична заштитна опрема (PPE) за да помогне за безбедноста на персоналот кој може да биде изложен на опасности поврзани со воздухопловни несреќи. На еден истражител му е доделена одговорност за обезбедување облека и осигурување дека секој истражител е соодветно опремен.

IIC (Investigator-In-Charge) ќе одлучи кое ниво на заштитна облека е соодветно согласно нивото на ризик на местото на несреќа.
Личната заштитна опрема (PPE) ќе биде:

- Погодна за предвидените опасности и претстојните задачи;
- Одржувана во употребна состојба и сервисирана во редовни интервали;
- Позиционирана на соодветна локација близу до местото на задачата.

Исто така, ќе бидат обезбедени соодветни информации и обука, за персоналот да се запознае со видот и локацијата на опремата и да може да ја користи на правилен начин. За таа цел, од сите истражители се бара да завршат курс за свесност за опасности и да носат валидна легитимација во секое време.

9.4.2 Вакцинации

КИНСИВ обезбедува бесплатна програма за вакцинирање. Сите истражители на КИНСИВ се класифицирани како „изложени на ризик“ и им се препорачува да ги следат медицинските совети во врска со вакцинациите.
Вакцинациите се достапни за да се покријат очекуваните ризици по здравјето на местата на несреќи и надвор од Република Северна Македонија, врз основа на совети од Министерството за здравство. Тековни вакцинации вклучени во програмата се:

- Тетанус
- Хепатит Б.

Детални информации за биолошките опасности што може да се појават на местото на воздухопловната несреќата и соодветните мерки на претпазливост што треба да се преземат, се дадени во **точка 9.5.2** од овој документ.

9.4.3 Изложеност на трауматски настани

Вработените на КИНСИВ може да бидат изложени на потенцијално трауматски и стресни настани што, во некои прилики, предизвикуваат неповолни емоционални реакции. Трауматските настани, најверојатно, ќе ги доживеат истражителите и персоналот за поддршка за време на операциите на местото на несреќата и работата по несреќата. Исто така, постои можност персоналот за поддршка емотивно да реагира за време на прегледувањето на фотографиите или кога телефонски одговора и дава поддршка на персоналот што го контактира КИНСИВ. Важно е ваквите ефекти да бидат предвидени и да се одговори соодветно. Пристапот за формирање на тим за распоредување на терен е суштински реактивен елемент во работењето на КИНСИВ. Кога и да е можно, вработените треба да бидат во блиска комуникација за време на работењето на локацијата, треба да бидат сместени во ист хотел и треба да се состануваат неформално на крајот на денот за да разговараат за активностите и ангажманите. Овој неформален процес вообичаено се нарекува „дефузирачки“ и обезбедува можност за персоналот да покрене прашања индивидуално или колективно со колегите, доколку сметаат дека е потребно.

Ангажманите за советување или „дебрифирање“ може да се направат на барање или кога ќе се утврди потребата за тоа.
Ризиците со кои се соочува персоналот за поддршка веројатно ќе бидат различни од оние со кои се соочуваат лицата распоредени на терен, но сепак може да предизвикаат слични реакции.
Одговарајќи на телефонски повици од трауматизирани роднини, пријатели и други можат да предизвикаат значителен притисок врз персоналот во делот на администрацијата. Ефектите од траумата ќе се разликуваат и периодот кога ќе се почувствуваат реакциите може да варира од моментално, па до денови, недели или месеци- кога некоја реакција ќе ги предизвика претходно скриените емоции. Бидејќи не може да се предвиди брзината и обемот на реакцијата, важно е колегите да одржуваат ефективен контакт и да бидат свесни за можноста за таквите ефекти кон себе и кон другите. КИНСИВ има одговорност и обврска да помогне во надминување на ваквите психолошки состојби кај инволвираните истражители.

9.4.4 Повратна информација

Од витално значење е прашањата поврзани со здравјето и безбедноста, дефекти или потенцијални подобрувања во распоредувањето на теренот и работењето на местото на несреќата, да бидат изложени пред истражителот кој е одговорен за здравјето и безбедноста. Ова треба да се направи со комплетирање на краток извештај по распоредувањето на теренот и однапред за поврзаниот обем. КИНСИВ ќе распредели ресурси и ќе утврди приоритети за завршување на активности утврдени во процесот на повратни информации. Сите здравствени и безбедносни активности појавени во текот на процесот на повратни информации, ќе бидат додадени во списокот со активности за здравје и безбедност за обработка во согласност со оперативните практики на КИНСИВ.

9.5 Опасности од остатоци

9.5.1 Општо

Справувањето со остатоците е опасно и бара употреба на заштитна облека и соодветна опрема. Остатоците може да се поместат, превртат или да бидат закачени на дрвја и можеби ќе треба да се обезбедат. Поместувањето на големи делови од остатоците треба да биде под надзор на истражителите и да се спроведе од страна на професионални лица со употреба на соодветна опрема.
Ова особено се однесува кога се користат кранови. Во вакви случаи, препорачливо е истражителите да останат настрана од остатоците, за да ја ограничат нивната изложеност на саѓи, прашина и други супстанции во воздухот. Ако, поради некоја причина, дел од остатоците се остават закачени, не треба да се работи под нив или во нивна близина.
Постојат многу опасности специфични за остатоците, како што се садови под притисок, искрење, генератори и акумулатори. Садовите под притисок вклучуваат садови со кислород, садови со компримиран гас за тобогани за евакуација, противпожарни апарати и заштитна опрема за дишење.

Генераторите на хемиски кислород во цврста состојба можат да достигнат температури од 400 степени Целзиусови кога ќе се активираат. Сите такви предмети треба да бидат изнесени безбедно и отстранети од местото.
Други опасности од остатоци вклучуваат:

Гуми - Гумите може да бидат оштетени при удар или при тврдо слетување и поради тоа може да експлодираат во секое време. На гумите треба да се пристапи од предната или од задната страна и треба да се испуштат што е можно поскоро.
Пропелери - Некои пропелери имаат вертикално порамнување, и ако центарот е разбиен, може да се распадне. Истражителите не треба да се обидуваат да го демонтираат пропелерот. Расклопувањето и инспекцијата најдобро се прават во соодветно опремена установа.
Акумулатори - Акумулаторите треба да се исклучат и отстранат од местото. Треба да се внимава при исклучување и отстранување на акумулаторите, бидејќи искра може да го запали истуреното гориво и други запаливи материјали. Исто така, киселината на акумулаторот е високо корозивна.
Запаливи течности и гасови - Запаливите течности и гасови можат да се запалат или да експлодираат. Вдишувањето на пареата од горивото или директен контакт на горивото со кожата е штетно. Воздухопловите треба да се испразнат од гориво и да се евидентира количеството на отстрането гориво. Пушењето не смее да се дозволува на местото на несреќата.
Огнено оружје/муниција - Такви предмети може да се наоѓаат во воздухопловот и треба да бидат отстранети од страна на експерти.
Осиромашен ураниум - Овој материјал понекогаш се користи во контра-балансни тежини кај поголемите воздухоплови. Може да биде опасно ако е пробиена надворешната заштитна обвивка.
Радиоактивни материјали - Таквите материјали можат да се носат како карго товар или да се користат во компонентите на воздухопловите, како што е во системот за откривање мраз на моторот на некои воздухоплови.
Саѓи и изолациони материјали - Саѓите и изолационите материјали се опасни во затворените простори, како што се кабината или делот за карго. Треба да се носат маски за лице и заштита на очите кога работите во вакви простори.
Композитни материјали - Обично се состојат од јаглерод/графит или бор/волфрам и се наоѓаат во многу делови на воздухопловот, вклучувајќи ја структурата, контролните површини, панелите за пристап, материјалите за кабината, седиштата во кабината, лопатките на роторите и лопатките на пропелерите. Всушност, некои воздухоплови се целосно изградени од композитни материјали. Стаклената волна се наоѓа во капаците за звучна изолација, панелите на пилотската кабина и кабините, облогите за товар и друг мебел за воздухоплови. Композитните материјали и стаклената волна може да бидат опасни за очите, кожата и респираторниот систем, особено ако остатоците се оштетени од пожар.

Кога се справувате со композитни елементи и стаклена волна во остатоците, се применуваат следниве безбедносни мерки на претпазливост:

- При ракувањето со овие материјали, истражителите треба да избегнуваат прашина од влакна со тоа што ќе стојат спротивно на ветерот и ќе носат очила и маски за лице;
- Може да бидат потребни покривки за еднократна употреба. Контаминираната облека треба да се испере одделно;
- Деланки од скршените плочи од стаклена волна и композитни материи можат да предизвикаат повреди и треба да се ракуваат со ракавици;
- Ако материјалите од композитните материи и стаклената волна се оштетени од пожар, тие треба да се испрскаат со вода или по можност со 50:50 раствор од акрилен восок и вода пред да се ракува со нив.

9.5.2 Биолошки опасности

9.5.2.1 Општо

Истрагите за воздухопловни несреќи претставуваат значителен ризик од изложеност на патогени на крв кон истражителите и персоналот за поддршка на КИНСИВ. Крвни патогени вклучуваат вирус на човечка имунодефициенција (ХИВ) и вирус на хепатитис Б (ХБВ).
Ризикот што го претставува вирусот на хепатитис Б е особено загрижувачки, заради малото количество што е потребно за да се пренесе и можноста вирусот да остане заразен во исушените течности во текот на долготраен период. Биолошките опасности може да бидат присутни во остатоците од пилотската кабина и делот за патници, како и на земјата каде се наоѓале телата на починатите и преживеаните.
Бидејќи не е можно лесно да се идентификуваат загадената крв и другите телесни течности, неопходно е да се преземат мерки на претпазливост при работа околу и во остатоците, при ракување со остатоците на местото и при вршење на теренски прегледи и тестови на делови од остатоци. Мора да се преземат посебни мерки на претпазливост за да се спречат вирусите да влезат во мукозните мембрани (како што се очите, носот и устата) или делови на кожа како што се отворени рани или осип. Местото на несреќата може да содржи течна, полу-течна и исушена крв, други телесни течности, фрагментирани коски, ткива и внатрешни органи.
Во сува состојба, честичките од овие супстанции можат да станат преносливи преку воздух и да дојдат во контакт со незаштитените очи, нос и уста.
На сите истражители им се издаваат специјални комплети опрема и добиваат специјална обука за справување со патогени кои се пренесуваат преку крв. Комплетот вклучува целосна заштитна облека, неколку пара латексни ракавици, ракавици за работа, маски за лице, очила и хемикалии за дезинфекција. Ризиците од биолошки опасности неизбежно ќе се разликуваат во зависност од типот на воздухопловот и сценариото на несреќата. Големите несреќи кои вклучуваат патнички воздухоплови може да резултираат во комплексно и високо ниво на ризик. Може да биде неопходно во рана фаза да се контролира пристапот и да се наметнат безбедносни мерки на претпазливост со цел да се ограничи директната и индиректната изложеност на заразни болести.

Големите несреќи кои вклучуваат голем број жртви и сериозно влијание и нарушување на структурите можат да резултираат со големи ризици од зараза во областа на ударот. Во тешки случаи, постои голем ризик од ширење на зараза преку обувките. За да се намалат ризиците од ова случување, постапките треба да го ограничат бројот на места за влез/излез (кога е можно). Обувките/облеката треба да бидат дезинфицирани или отстранети и фрлени во истиот момент.

Истражителот одговорен за здравје и безбедност има обврска да соработува со персоналот за безбедност на лице место од други органи за да обезбеди соодветните процедури и да се почитуваат процедурите (МВР-надлежни сектори). Одговорниот истражител за здравје и безбедност од КИНСИВ треба да обезбеди дека има соодветни капацитети за перење и пресоблекување кои се достапни на самото место.

9.5.2.2 Работни практики за да се минимизира опасноста од изложеност

Постапките што треба да се следат на местото на несреќата треба да вклучуваат првично испитување за биолошки опасности во форма на видлива крв или други телесни течности. Кога има сериозни повреди или жртви, честопати ќе има телесни течности што ќе останат откако ќе се отстранат мртвите и повредените.

Областите контаминирани со истурена крв или телесни течности треба да се идентификуваат и да се оградат и да имаат само една единствена точка на влез/излез. Само на лицата кои користат лична заштитна опрема (PPE) треба да им се дозволи пристап до контаминираните области. Било кои компоненти што се отстранети од местото на несреќата за испитување и тестирање, треба да се третираат на ист начин како што се практикува на местото на несреќата (целосна дезинфекција).

Истражителите секогаш треба да претпоставуваат дека човечкото ткиво и телесните течности се контаминирани, а како апсолутно минимална претпазливост, треба да имаат маска за лице и да носат ракавици од латекс под нивните ракавици за работа при преглед на остатоци од кои се знае дека содржат крв или други течности. Најчестите контаминирани предмети ги вклучуваат сите материјали за внатрешни работи во кабината, т.е. безбедносните ремени/ленти за рамо, перничињата за седиштата, другите тапацирани материјали, исечоци и таблите со инструменти.

Додека носат лична заштитна опрема (PPE) во областа на биолошка опасност, истражителите не треба да јадат, пијат или пушат, нанесуваат козметика, балзам за усни или креми за заштита од сонце, да го доприраат лицето, очите, носот или устата; или да ракуваат со контактни леќи.

Биолошките отпадоци, како што е облека и контаминираната лична заштитна опрема (PPE) треба да се отстранат. Истражителите треба внимателно да ги извлечат надворешните ракавици за работа, потоа да ги извадат латексните нараквици и да ги стават двата пара во контејнер за отстранување на биолошки отпадоци. Контаминираната лична заштитна опрема (PPE) никогаш не треба да се користи повторно. Изложената кожа треба да се избрише веднаш со влажни крпи, а потоа да се измие со сапун и вода или раствор од хлор и вода во сооднос **1:10**. Секој ден треба да се меша ново шише со раствор.

Загадените очи треба да се исплакнат со свежа вода. Посебно внимание треба да се посвети на темелно миење на рацете после отстранување на латексните ракавици и пред јадење, пиење, пушење или ракување со контактни леќи.
Истражителите треба да бидат свесни дека носењето на лична заштитната опрема (PPE) во топла и влажна клима може да резултира во топлотен удар, освен ако не се преземат мерки на претпазливост за да се минимизира топлотниот стрес.
Затоа, пред да се работи со лична заштитната опрема (PPE), треба да се испие еден литар вода или повеќе. Во зависност од топлината и влажноста и од обемот на физички напор што се бара, може да биде неопходно да се ограничи времето во кое истражителите можат да носат лична заштитната опрема (PPE). Откако ќе ја напуштат областа на биолошка опасност, и ќе ја отстранат личната заштитна опрема (PPE) и ги дезинфицираат рацете, истражителите треба да се одморат во сенка и да консумираат барем еден литар вода. Можеби е неопходно медицинскиот персонал да ја процени здравствената состојбата на истражителите кои претрпеле топлотен стрес.
Бидејќи е важно да се минимизира бројот на истражителите, алатите и опремата што можат да стапат во директен контакт со контаминираните материјали, треба да се назначат само одреден број на истражители за да се справат со остатоците и расклопените компоненти. Може да бидат назначени други истражители да пишуваат белешки, да цртаат дијаграми, да фотографираат или да ги користат прирачниците и инженерските цртежи.
Контаминираната опрема која се користи при увид на лице место, како што се алати, факели и ленти за мерење, треба да се исчистат со сапун и вода, да се дезинфицираат и да се остават да се исушат. Персоналот, при напуштање на подрачјето, треба да ја стават во вреќи за биолошки отпад целата опрема што не може да се дезинфицира. Вреќите со биолошки отпад и нивната содржина обично се носат за уништување во соодветна компанија за уништување на биолошки отпад.

9.5.2.3 Хигиена

Онаму каде е можно, рацете треба да се мијат со сапун и вода по отстранувањето на заштитната облека и/или по работата со контаминирани остатоци. Онаму каде што не е соодветно да се постават објекти за миење, ќе се обезбедат средства за чистење кои не бараат вода. Исечената или оштетената кожа на лицето и рацете мора да биде третирани со водоотпорни течности (преливи) секогаш кога постои ризик од контакт на кожата со крв или телесни течности. **Јадењето, пиењето и пушењето мора да се избегнат во рамките на областите кои најверојатно се контаминирани.**

9.5.2.4 Дезинфекција

Остатоците, за кои постои сомневање дека се контаминирани, треба да бидат дезинфицирани во најраната фаза. Ова може да се изврши со третирање на површините барем 20 минути во континуитет со 1% раствор на белило (кој содржи натриум хипер хлорид) или друга соодветна течност за дезинфекција.

9.5.2.5 Контаминирана заштитна облека и остатоци

Заштитната облека и раквиците за кои постои сомневање дека се контаминирани со телесни течности или крв, треба да бидат запечатени во пластична ќеса (треба да бидат достапни црвени вреќи за био отпад и означени како „биолошка опасност“). Овие треба да се отстрануваат како биолошки отпад за согорување. Чизмите за кои е потребна дезинфекција треба да се исчистат од почва и нечистотија пред да бидат третирани со раствор за дезинфекција. По завршување на увидот на лице место на воздухопловната несреќа, другите остатоци од несреќата кои не се важни за понатамошната истрага, а се контаминирани со телесни течности, ткива или човечки остатоци, може да бидат отстранети и предадени за согорување на специјализирана компанија, доколку контаминацијата е сериозна. Канцеларијата за администрација ќе организира отстранување преку специјализирана компанија и ќе одржува копии на белешки за трансфер и други записи.
Истражителите треба да размислат дали предметите од остатоците кои се испратени до надворешни агенции за инспекција имаат ризик од контаминација. Кога ќе се процени дека постои ризик, предметите треба да се дезинфицираат колку што е можно поскоро и да бидат запечатени во етикетирани пластични ќеси.

9.5.2.6 Инфекција на повреди

Веднаш мора да се побара медицински совет ако се претрпат повреди или се појават инциденти кои можат да резултираат со инфекција, на пр. исеченици од стакло/метал во контаминирани места во кабината или ако крв/течност навлезе во слузницата на очите/носот. Моменталниот совет е дека исекотините и гребаниците мора да бидат поттикнати да крварат со нежно стискање и чистење (кога е можно) со употреба на сапун и вода. Сите рани или контакт на кожата со телесни течности или крв исто така треба да се исчистат со употреба на марамчиња за дезинфекција. Очите треба да се исплакнат под млаз вода и не смеат да се допираат. Во сите случаи, треба да биде информиран Истражителот одговорен за здравје и безбедност.

9.5.2.7 Болести што претставуваат биолошка опасност

- **Хепатитис Б** - проценето дека е над 100 пати повеќе заразен од ХИВ. Вирусот е стабилен во животната средина и заразен за периоди до три месеци. Пренесувањето најчесто се јавува како резултат на контакт помеѓу крв и крв, вклучително и инјектирање од загадени остри материјали. Вирусот може да се деактивира со загревање на 100°C за две минути и е чувствителен на дезинфекција со алкохол, хипер хлорид и други слични раствори.
- **Хепатитис Ц** - вирус кој ги инфицира клетките на црниот дроб и може да предизвика сериозно воспаление на црниот дроб и долгорочни компликации. Инфекцијата се шири со споделување игли со заразениот; од примање на заразена крв; сексуално; и од случајно изложување на производи од крв.

Хеп. Ц сега е најчеста причина за вирусен хепатитис во Северна Европа. Севкупниот ризик од заразување со хепатитис Ц за време на вообичаени здравствени активности се чини дека е многу мал.

- **Хепатитис А** - пренесен по фекално-орален пат. Најчест е контактот лице-лице, иако може да се вклучи храна или пијалок. Ризикот од контакт на местата на несреќа мора да се процени како голем во повеќето случаи кога се појавила тешка траума.
- **Хепатитис Е** - има период на инкубација од шест до осум недели по изложеноста и е многу опасен за бремени жени. Добрите контроли против изложеност (како што е хеп. А & Б), добри хигиенски мерки и одржување на снабдување со чиста вода и соодветни санитарни услови ќе ги намалат ризиците.
- **Други видови хепатитис** - Други видови на хепатитис, исто така, се идентификуваат, вклучувајќи ги и Д и Г. Постојат малку информации достапни за нив во моментов, иако имунизацијата против хеп. Б се вели дека овозможува заштита од видот Д.
- **ХИВ/СИДА -** се пренесува со контакт крв-крв, вклучително и вбризгување од загадени остри материјали. Општо не се смета дека е издржлив во околината, но може да биде активен во период до осум дена. Како и кај хеп. А/Б, безбедниот систем на работа ќе го ограничи ризикот од изложеноста на вирусот.
- **Туберкулоза** - присутна во плунката и течностите од белите дробови на заразените лица. Инциденти на болеста се зголемуваат низ целиот свет. Персоналот треба да потврди дека тие се вакцинирани со BCG и да ги следат медицинските совети.
- **Ентерични патогени** - агенси на болести на дијареја (на пр. тифус и колера) може да бидат присутни кај повраќаници, измет, остатоци и слично. Како и со хепатитис и ХИВ, третирајте ги сите течности и остоци како контаминирни, следете ги безбедносните работни практики, користете добри хигиенски процедури за да се спречи инфекцијата.

9.5.3 Опасен карго товар

IIC (Investigator-In-Charge) треба да утврди дали се превезувале опасни материи (DGR) во воздухопловите. Прелиминарната проверка на товарниот лист и проверка до операторот треба да го реши ова прашање. **Опасните материи може да вклучуваат предмети како радиоактивни пратки, експлозиви, муниција, хемикалии, корозивни течности, течни или цврсти отрови или бактериски култури.** Несреќи кои вклучуваат воздухоплови за воздушно прскање имаат потенцијал да ги изложат истражителите на опасни материи во форма на пестициди и инсектициди. Со неколку исклучоци, овие хемикалии се токсични, дури и во мали количини. **На местото на несреќата, мора да се користи лична заштитна опрема (PPE) и да се носат маски за лице опремени со соодветни филтри.**

9.5.3.1 Радиоактивни материјали

Со зголемената фреквенција, радиоактивните материјали се носат како товар на воздухопловите. Доколку карго манифестот покажува дека се носат такви материјали, треба веднаш да се преземат чекори за да се отстранат од страна на квалификуван персонал пред да им се нанесе штета на лицата кои работат близу до остатоците.

Ограничувањата на количината на радиоактивен материјал кој смее да се носи во воздухоплов, цврстината на неговото пакување и заштитата ќе ја минимизираат можноста за оштетување на контејнерот при воздухопловна несреќа.

Сè додека пакувањето и заштитата останат непроменети, постои веројатност да има мала опасност од зрачење. Како и да е, пожарот по настанот може да го оштети пакувањето и заштитата, а топлината што следува може да предизвика радиоактивниот материјал да се претвори во гасовита форма, во тој случај може да се шири зрачење. Во такви случаи, сите учесници во операциите за спасување и противпожарна заштита треба да бидат проверени, деконтаминирани и по потреба да бидат ставени под медицински надзор. Не треба да се започне испитување на остатоците се додека не се измери нивото на зрачење и местото е прогласено за безбедно. Персоналот на КИНСИВ не смее да влезе на местото на несреќата сè додека не се направат соодветни проценки и не се воведат контролни мерки од надлежен државен орган.

9.5.3.2 Работа надвор од Република Северна Македонија

Кога се истражуваат несреќи надвор од Република Северна Македонија, истражителите треба да ја земат во предвид можноста остатоците да содржат радиоактивни супстанции, особено во карго товарот. Треба да се добијат детали за товарните листови за да се помогне во утврдувањето на потенцијалните опасности. Кога присуството на радиоактивни супстанции е потврдено или има сомнение за присуството, истражителите треба да потврдат со домашната агенцијата која ја води истрагата дека треба да се користи соодветен безбеден систем на работа.

9.5.3.3 Транспортирање на радиоактивни остатоци

Транспортот на остатоци што содржат радиоактивни материи мора да се изврши во согласност со важечкото законодавство. Кога е потребно, може да се побара помош од надлежни Институти за радиологија. Ниту еден материјал не се транспортира без претходна дозвола од соодветното тело.

9.5.3.4 Складирање и испитување на остатоците

Единствените радиоактивни материјали што се дозволени да се чуваат во рамките на објектот за остатоци на соработниците на КИНСИВ, се оние вградени во структурите и компонентите на воздухопловите. Сите други супстанции мора да бидат отстранети пред превземање на воздухопловите од местото на несреќата. Кога е можно, овие структурни радиоактивни материјали треба да бидат изолирани и чувани на сигурно место. Радиоактивни материјали оштетени од пожар не смеат да се чуваат во зградите под контрола на КИНСИВ сè додека не се процени можната опасност од честички и не се воведат соодветни безбедносни мерки.

9.5.3.5 Отстранување радиоактивен материјал

Сопствениците/осигурителните компании на воздухопловите **МОРА** официјално да бидат известени за нивната одговорност да организираат превоз и отстранување на конкретниот воздухоплов. Во никој случај не смее да се прифати одговорноста за отстранување на остатоци од воздухоплови кои содржат опасни материи од страна на КИНСИВ. Кога е соодветно, КИНСИВ може да обезбеди писмена проценка на опасност за да им помогне на сопствениците.

9.5.3.6 Инструменти за надзор

Инструментите кои се соодветни за лоцирање на контаминцијата и за следење на нивото, може да се добијат од надлежни Институти за радиологија.

9.5.3.7 Записи

Истражителот одговорен за здравје и безбедност ќе обезбеди водење на евиденција за чување, транспорт и отстранување на радиоактивни извори и за евидентирање на инциденти.

9.5.4 Експлозиви и пиротехника

Цивилните воздухоплови можат да превезуваат пиротехника (на пр. сигнални ракети) и експлозивни направи (противпожарни апарати, системи со макари, падобрани и сл.), за кои е потребно да се отстранат или да се осигураат колку што е можно побрзо.
Цивилните, воените и екс-воените воздухоплови исто така може да носат седишта за исфрлување.
Може да биде потребна помош од сопствениците, операторите, воениот персонал или производителите за да се идентификуваат, лоцираат и да ги направат експлозивите и пиротехниката безбедни за испитување.
Вообичаено, присутни се специфични ознаки во воздухопловите што идентификуваат одредени познати механички опасности, на пр. седишта за исфрлање. Сепак, ова не може да биде секогаш случај, затоа мора да се преземе секоја претпазливост при почетното разгледување на местото.

9.6 Хеликоптерски операции

Хеликоптерите често се користат за да стигнат до местата на несреќи на непристапен терен и оддалечените области, како и за:

- Патување до и од местото на несреќата;
- Пребарување и отстранување на тела и остатоци;
- Воздушно фотографирање и
- Летање по траекторијата на воздухопловната несреќа.

Сите лица поврзани со операциите со хеликоптери треба да бидат информирани за соодветните безбедносни процедури, вклучително и употреба на излези, слушалки, системи за врзување, опрема за итни случаи и доколку се вклучени во операции над вода, флотациска опрема, употреба на јакни за спасување, чамци за спасување, итн. Безбедносниот брифинг исто така треба да се однесува на тоа како да се пристапи кон хеликоптерот, главните опасности на роторот и опашката на роторот и ефектите од турбуленциите предизвикани од роторот.

9.7 Опасности од средината и природни опасности

9.7.1 Општо

Повремено, од истражителите на КИНСИВ може да се бара да се распоредат во странски земји, каде условите на животната средина се многу различни од оние што обично ги доживуваат дома. Но, дури и во Република Северна Македонија, истражителите може да се најдат да работат во услови кои се многу предизвикувачки заради теренот, временските услови и сл.
Животната средина и природните опасности може да вклучуваат екстремна клима, планински терен, мочуришта, отровни растенија, опасни животни и инсекти. Во такви средини, истражителите треба да работат во парови, да носат комплет за прва помош и да имаат средство за комуникација.

9.7.2 Екстремни климатски услови

Истражителите може да се соочат со крајности на топлина и студ во зависност од теренот и времето од годината.
Истражителите кои очекувале да поминат неколку часа на оддалечено место би можеле да се доведат во ситуција да ја поминат ноќта, доколку нивниот транспорт не е во можност да се врати за нив. Пред поаѓањето, треба да се провери тековната и предвидената временска прогноза.

На ладно време, треба да се преземат следниве мерки на претпазливост:

- Носете доволно заштита за да спречите смрзнатини и хипотермија.
- Носете облека на слоеви што ќе го апсорбира потењето.
- Бидете свесни за состојби на белина, дезориентацијата може да се појави во рамномерно светло и бело опкружување.
- Носете очила за сонце и крема за заштита од сонце.
- Пијте течности за да спречите дехидрираност.

На топло време, треба да се преземат следниве мерки на претпазливост:

- Понесете доволно течности за сопствените потреби за пиење.
- Во ситуации кои вклучуваат високи температури и влажност, во комбинација со тежок напор, пијте најмалку половина литар вода на час.
- Бидете свесни за симптомите на топлотен стрес и топлотен удар.
- Носете широка капа и комотна облека.
- Носете очила за сонце и крема за заштита од сонце.

9.7.3 Планински терен

Побарајте совет од локалните водичи кои, идеално, треба да бидат придружба на истражниот тим.

9.8 Потребен објект на КИНСИВ за одложување, испитување и складирање на остатоци од воздухоплов

9.8.1 Општо

КИНСИВ има обврска да поседува објект хангар во кој ќе се врши испитување на остатоци од воздухопловната несреќа. Габаритот на хангарот треба да биде доволно голем за да има можност да се внесат големи остатоци. Обврзувачки е хангарот да биде под видео надзор.
Објектот хангар треба да биде доволно голем како би се обезбедил простор за вртење и истовар на големи транспортни возила. Лизгачките автоматски врати на предната страна да овозможуваат целосна ширина на еден хангар во моментот кога ќе треба да се пристапи.
Подот на хангарот потребно е да биде обложен со анти-статички слој за да се минимизира ризикот од пожар како резултат на искри и статичка електрична енергија. Исто така, лесно да се чисти и да се спречи загадување во случај на истекување на гориво или хемикалии. Заштитата од пожар се заснова на противпожарни апарати во доволен број согласно со прописите.
Во хангарот потребно е да бидат достапни канцеларија и просторија за одмор за персоналот, кои ќе можат да се користат за време на истрагата.

Потребно е да има безбеден магацин за алатки кој ќе содржи два безбедни сандаци за алат. Другата потребна опрема опфаќа неколку ормари што може да се заклучат, од кои две наменети и обележани за чување докази од остатоци, кои, по својата природа, можат да имаат траги од опасни материи. Освен за мали количини на траги, не е дозволено да се чуваат опасните материи во просторијата за остатоци.
Осветлувањето во хангарот треба да биде во согласност со стандардите на индустријата. Еднофазна моќност од 220 V да биде достапна на неколку точки на секој страничниот ѕид.
Секогаш треба да се користи соодветна заштитена облека и опрема кога се работи во хангар. Ова вклучува комбинезони, заштитни обувки, заштитни очила, нитрилни и тешки нараквици и штитници за уши. Се препорачува персоналот да постави лични заштитни обувки во шкафчето за чување кои ќе се употребуваат во хангарот.

Пушењето е строго забрането во и околу хангарот и на пристапната патека пред хангарот.

Откако ќе се пронајдат остатоците од воздухоплов на местото на несреќата и ќе се пренесат до објектот за преглед, веројатно е дека и понатаму ќе се појавуваат опасности, како што беше дискутирано претходно во овој дел. На пример, голема е веројатноста опасностите како што се остри рабови или спојници од оштетени панели на композитни материјали, па дури и некои биолошки опасности да останат на остатоците. Истражителите треба да бидат свесни за ризиците што ги претставуваат овие опасности и да преземат соодветни активности за да се справат со нив.

9.8.2 Врати на хангарот

Внатрешните врати потребно е да бидат автоматизирани со детектори на движење и пречки. Персоналот на КИНСИВ треба да осигури дека опремата или остатоците не се наоѓаат на патеката на движење на подвижната врата и треба да обезбедат дека областа околу вратите се одржува чиста.
Во случај на прекин на електрична енергија, вратите од хангарот потребно е да можат да се отворат рачно.

9.8.3 Гориво

Горивото содржано во неоштетените резервоари може да биде оставено на самото место за целите на истрагата. Истекувањето на горивото од резервоари или цевките мора да се собере во соодветен сад и правилно да се депонира, кога повеќе не е потребно за целите на истрагата, и тоа на соодветен начин од лиценциран изведувач. Сите контејнери мора да бидат опремени со соодветни капаци за прицврстување.
Секогаш треба да се носат соодветни нараквици при ракување со гориво или други течности. Доколку се случи какво било прскање на горивото на незаштитена кожа, треба веднаш да се измие.

9.8.4 Рачен алат

Достапен е широк спектар на рачни алатки. Онаму каде што се дадени упатствата на производителот, истите треба секогаш да се почитуваат. Секогаш треба да се носи лична заштита опрема (PPE), вклучувајќи ги и безбедносните очила, соодветно на рачниот алат кој се користи. Треба да се внимава кога се користат електрични алати, како што се брусилки, каде затегнатите кабли и цевките на горивото претставуваат дополнителни опасности. Под никакви околности не треба да се користат оштетените алати. Тие треба да бидат повлечени од употреба. Сите алатки треба да се исчистат и заменат на нивната точна локација по употребата.

СОБИРАЊЕ НА ОСТАТОЦИ (КОПНО)

10. СОБИРАЊЕ НА ОСТАТОЦИ (КОПНО)

10.1 Вовед

Постојат три опции во врска со отстранување на остатоците од местото на несреќата. По консултација помеѓу IIC (Investigator-In-Charge) и Претседателот на КИНСИВ, можете:

- Да одлучите да не ги отстраните остатоците и да ги предадете назад на сопственикот или операторот;
- Да ги отстраните специфичните предмети за понатамошно испитување и да ги предадете преостанатите остатоци на сопственикот или операторот;
- Да го отстраните целиот остаток од местото на несреќата.

Како основно правило, доколку има жртви или сериозни повреди или ако имате загриженост во врска со пловидбеноста на леталото пред несреќата, остатоците може да ги земете. Остатоците од цивилните воздухоплови вообичаено ќе се однесат во изнајмениот хангар на КИНСИВ за детално испитување и тестирање. Меѓутоа, остатоците од големите комерцијални воздухоплови мора да бидат складирани на други соодветни места, единствено многу специфичните делови од остатоците ќе се однесат во објектотот на КИНСИВ. Онаму каде е можно, истражителите ќе преземат одговорност за аранжманите за пронаоѓање и транспорт.

10.2 Опции за собирање

Постојат три основни опции за враќање и транспорт на остатоци од местото на несреќа до соодветен објект за складирање. Тие се:

- Ресурси на КИНСИВ;
- Комерцијални ресурси;
- Воена/полициски помош.

10.2.1 Ресурси на КИНСИВ

КИНСИВ има едно возило со погон на четири тркала што има многу ограничен капацитет да носи делови од мали остатоци. Возилото има уред за влечење на приколки. Упатството во врска со процедурите за влечење се достапни во ДЕЛ 5: ОДРЕДБИ ЗА ПАТ И СМЕСТУВАЊЕ од овој прирачник. Ако е достапна приколка и се смета дека е погодна за употреба, големината и тежината на остатоците ќе бидат доминантни фактори.

10.2.2 Комерцијални ресурси

Бидејќи КИНСИВ има само едно возило со погон на четири тркала што има многу ограничен капацитет да носи мали делови од остатоци, КИНСИВ користи опции за комерцијално враќање.

Главните опции за употреба на комерцијална помош при враќање се:

- Специјализирани компании за враќање;
- Локални ресурси што ги користат локалните власти и службите за итни случаи.

10.2.3 Локални ресурси

Во зависност од локацијата на местото на несреќата и најдобрите услови, треба да се земе предвид ангажирањето локални ресурси. Треба да се побараат совети од локалната власт и/или полицијата во врска со тоа кој треба да се користи за враќање со помош на возило. Истражителите мора да бидат сигурни дека опремата и операторите се соодветни за дадената задача (на пр. копање, кревање и транспорт). Оваа проценка е важна затоа што истражителот на лице место има огромна одговорност за проценка на ризикот и последователна безбедност на работењето сè додека остатоците не се обезбедат во возилото за транспорт.

10.3 Чистење на местото од остатоци

Местата на несреќите треба да бидат исчистени од колку што е можно повеќе остатоци и од сите човечки остатоци. Треба да се побара помош од локалната власт и службите за итни случаи при пребарување на остатоците и отстранување на сите траги од човечки остатоци. Сепак, КИНСИВ ќе биде одговорен за пронаоѓање на остатоците, а Институтот за судска медицина, овластен од Државното јавно обвинителство, за отстранување на човечките остатоци од локацијата.
Онаму каде што не може да се најдат сите остатоци (на пр. по распадот во текот на летот или на места со засеана култура), локалните земјоделци и сопствениците на земјиштето треба да бидат замолени да го известат КИНСИВ доколку се пронајдат остатоци откако локацијата ќе биде исчистена.
Чистење на местото на несреќата од остатоци може да се изврши само по претходно добиено одобрение од страна на КИНСИВ и е обврска на операторот односно сопственикот на паднатиот воздухоплов.

10.4 Воена/полициска помош на местата на несреќата

КИНСИВ/МО/МВР се во процес на потпишување на Меморандум за соработка (MOU) кој ќе обезбеди взаемна помош за време на истрагата на воените/полициски и цивилните несреќи. И покрај тоа што Меморандумот сè уште не е потпишан, КИНСИВ/МО/МВР практикуваат меѓусебно успешна соработка. Освен човечки ресурси („Man power“), македонските воените/полициските сили имаат пристап до специјализирани воени/полициски возила за пронаоѓање и враќање, кои можат да помогнат во собирање на цивилните воздухоплови. Од особена важност е што македонските воздухопловни сили имаат капацитети за кревање со помош на хеликоптер, како за превоз на персонал, така и за враќање по воздушен пат на специфични предмети од остатоци.

По консултација со Претседателот на КИНСИВ, најдобро е IIC (Investigator-In-Charge) да комуницира директно со операциите на хеликоптерите на воздухопловните сили, за да може да се утврди достапноста, способноста и соодветноста на опремата.
Македонските воздухопловни сили исто така можат да дадат совети за здравјето и безбедноста; тие можат да повикаат тимови да го испитаат местото, да пронаоѓаат и пренесуваат остатоци, да го исчистат местото и да обезбедат комуникација.

10.5 Континуитет на доказите за време на собирање на остатоците

Кога континуитетот на доказите е потенцијален проблем, IIC (Investigator-In-Charge) треба да разговара за опциите со полицијата. Можеби ќе можат да понудат или препорачуваат безбедно складирање во текот на ноќта доколку тоа е потребно, а во некои околности по нивен избор, можеби ќе треба да се назначи офицер за одржување на присуство кај остатоците и да се придружуваат остатоците додека не пристигнат во објектот за враќање на остатоците на КИНСИВ.

СОБИРАЊЕ НА ОСТАТОЦИ (ВОДА)

11. СОБИРАЊЕ НА ОСТАТОЦИ (ВОДА)

11.1 Вовед

По воздухопловна несреќа, каде воздухопловите се потопени во вода, КИНСИВ ќе се обиде да ги лоцира и да ги поврати потопените остатоци од воздухопловот или неговите делови само доколку се смета дека е неопходно истрагата да ја утврди причината и истото е возможно практично да се направи. Локацијата и собирањето на остатоците на потопените воздухоплови е специјализирана задача што носи сериозни ризици. Ќе се користат само специјализирани организации и компании. Во случај кога воздухопловна несреќа се случува на терен со вода и опкружен со вода (езера, реки, итн), КИНСИВ ќе обезбеди соодветни специјализирани организации за спроведување на операцијата за собирање на остатоците.

11.2 Координација за спасување на вода

11.2.1 Одговорности на КИНСИВ за време на потрага и спасување

За време на првичниот одговор при потрага и спасување (SAR-Search and Rescue) на воздухопловна несреќата на езеро или во други копнени води, КИНСИВ одржува контакт и дава информации што можат да помогнат во тековното пребарување.

11.2.2 Зона за забрането летање

Треба да се размисли за воспоставување зона на забрането летање (No-Fly-Zone) во општата област за пребарување и пронаоѓање. Ова може да се организира преку М-НАВ.

11.3 Човечки остатоци - собирање на тела

11.3.1 Општо

По воздухопловната несреќа на вода, надлежната државна институција на Република Северна Македонија ќе биде одговорна за пронаоѓање и собирање на пловечки човечки остатоци или тела. Локацијата и времето на кое секое тело е пронајдено ќе се евидентира за истрагата. КИНСИВ ќе комуницира директно со Државниот јавен обвинител со цел да ја потврди причината за смртта и да побара специјализирани лекари за испитување на екипажот на летот, кабинскиот персонал и патниците според потребите и соодветно на барањата на истрагата.

11.4 Собирање на остатоци

11.4.1 Општо

Кога ќе се лоцира местото на несреќата, од суштинско значење е КИНСИВ да утврди, во најрана можност, дали некои од остатоците се наоѓаат на површината на водата или дали истите се потопени. Доколку се потврди дека остатоците пловат, и се вклучува надлежната државна институција на Република Северна Македонија, тие треба да бидат информирани без одлагање за потребата на КИНСИВ да ги земе овие пловечки (лебдечки) остатоци. КИНСИВ целосно се согласува дека првичниот одговор за пребарување и спасување е насочен кон зачувување на животот. Како и да е, по завршувањето на таквата задача, КИНСИВ ќе се воспостави блиска соработа со надлежната државна институција на Република Северна Македонија, т.е. со теренскиот координатор во однос на обележување и собирање на пловечките остатоци.

11.4.2 Пловечки остатоци

Кога воздухопловот влегува во вода, силите на удар се такви што воздухопловите обично се распаѓаат при што полесните предмети остануваат да пловат на површината, на пр. ентериерот од воздухопловот, панели, делови од прозорците, итн., додека потешките предмети, како што се главниот труп на воздухопловот и моторите, имаат тенденција да потонат на дното. По напорите за спасување, треба да се даде приоритет на собирање на пловечките остатоци. Големината на просторот со остатоци ќе зависи од големината на воздухопловот, аголот на влегување на воздухопловот во водата, времето потребно за пронаоѓање на локацијата со остатоците, плимата и состојбата на водата и јачината на ветерот. Меѓународното искуство е такво што постои веројатност дека просторот за остатоци ќе биде голем.

Ќе бидат потребни значителни ресурси за да се повратат таквите остатоци. При собирање на остатоците, секој дел треба да се нумерира и да се запише положбата на пронајдениот дел, со општ опис.

Онаму каде е можно, предметот треба да се измие со свежа вода и да се чува на пловниот објект ангажиран за оваа потреба, сè додека не се идентификува и/или земе од страна на истражителот за воздухопловни несреќи. Кога некој предмет е пронајден и притоа „пронаоѓачот“ смета дека предметот е значаен, тоа треба му се пренесе на истражителот за воздухопловни несреќи, без никакво одлагање.

11.4.3 Остатоци кои доаѓаат на брегот

По воздухопловната несреќа на вода, постои веројатност дека делови од остатоците со текот на времето ќе се нанесат кон копното. Полицијата и КИНСИВ тесно ќе соработуваат во врска со идентификувањето и безбедното собирање на таквите предмети. Локацијата на откривањето на остатоците мора да се запише.

11.5 Потопени остатоци

11.5.1 Потопени остатоци – непозната локација

Онаму кадешто остатоците од воздухопловот потонале и точната локација е непозната, ќе бидат потребни комерцијални или државни ресурси за лоцирање и собирање на таквите остатоци. Одговорноста за лоцирање на потопените остатоци останува надлежната државна институција на Република Северна Македонија со техничка (воздухопловна) помош и насока обезбедена од КИНСИВ. Најверојатно ќе бидат потребни пловни објекти по можност опремени со авто-пилот, динамично позиционирање, странично скенирање и ROV. Исто така, клучно е да се има пристап до хидрофони кои работат на фрекфенција на 37,5 kHz за откривање и лоцирање на снимачите на лет.

Во однос на изборот на соодветен пловен објект, треба да се земе предвид и следново:

- Патник е дефиниран како секој во воздухопловот кој не е член на екипажот. Значи, нуркачите, истражителите на КИНСИВ и други лица се сметаат за патници.
- Во овие случаи, вниманието на регулаторната усогласеност и безбедност е на товар на Сопственикот/Операторот/Капетанот на пловниот објект.

11.5.2 Собирање на остатоци од плитка вода

Во некои прилики, остатоците од воздухопловите можат да бидат видливи од и близу до брегот. Во овие околности, истражителите на КИНСИВ може да размислат да направат соодветни локални договори со одобрени нуркачи за да закачат јажиња на остатоците и да ги извлечат на брегот. Доколку тоа не е практично, тогаш ќе бидат консултирани одобрените советници за поморско спасување на вода.

Единствено одобрените тимови за нуркање, кои може да бидат консултирани или да им се дозволи да помагаат на истражителите на КИНСИВ на теренот (без претходно консултирање со одобрена организација за отстранување на остатоци) се стручни тимови за нуркање, обезбедени на јавен трошок, како што се полицискиот нуркачки тим или Здружение на нуркачки организации.

Во случаи кога се очекува остатоците да бидат видливи при слаба плима или од површинско пловило, истражителите, по свој избор, можат да организираат одредени пловни објекти за пребарување со визуелни или ехо-звучни звуци.

Таквите пловни објекти треба да бидат професионално опремени и да имаат соодветен и широк став на почит кон здравјето и безбедноста. Примери за вакви пловни објекти би биле:

- Лесни пловила;
- Македонски езерски пловни објекти;

11.5.3 Нуркачки операции

КИНСИВ може да користи комерцијални нуркачи квалификувани и осигурени за нуркање во околината во која се наоѓаат остатоците. Генерално, крајбрежно во плитки води, подлабоки или нуркање со боци. Во сите сценарија, КИНСИВ ефективно станува „клиент“, а со тоа одредени надлежности се во надлежност на двете организации.
Истражителите на КИНСИВ распоредени на теренски истраги нема да ја преземат контролата, ниту да склучуваат договор или усмени спогодби со локалните организации (т.е. подводни клубови, компании за нуркање, компании за спасување, пристаништа и други), без изразена дозвола од КИНСИВ.
За да се спроведат нуркачки операции во македонските води потребна е дозвола за нуркање. КИНСИВ мора да потврди со организацијата која управува со проектот за спасување во име на КИНСИВ дека можностите и искуството на изведувачот на нуркање и неговиот тим се соодветни за преземената работа. Ова важи и за полициските нуркачки единици.
Ниту една работа за нуркање не треба да се одвива без да се назначи изведувач за нуркање. Изведувачот за нуркање треба да обезбеди дека целиот проект е планиран, дека сите ризици се проценети и дека проектот се спроведува и управува на безбеден начин. Изведувачот на нуркање исто така мора да назначи супервизор за нуркање (писмено). Заедно тие ќе бидат одговорни за безбедноста на конкретната операција за нуркање.

11.5.4 Кревање на потопени остатоци

Една проблематична фаза во операцијата е кревањето на остатоците од вода. Кога дел од остатоците ќе се извадат од водата, треба да се внимава на „архимедовиот“ принцип затоа што може да доведе до ненадејно и опасно зголемување на тежина. Онаму каде е можно, треба да се користи мрежа за да се собере целиот дел од остатоците.

11.5.5 Собирање на пловечки структури

Можно е значителен дел од остатоците да останат да пловат и како такви да отпловат до брегот. Одговорноста за враќање на пловечката структура е на КИНСИВ. Треба да се размисли за идентификување на пловечката структура како опасност за езерската навигација. Ова е одговорност на езерските капетании.

11.5.6 Односи со воздухопловни оператори или сопственици

КИНСИВ мора да му стави до знаење на операторот или сопственикот на воздухопловот кој се урнал во македонски води и потонал, дека КИНСИВ ќе го преземе вадењето и ќе биде одговорна за тоа. Операторот, заедно со производителот, можат да бидат поканети да испратат набљудувач на пловниот објект за спасување, доколку има простор и сместување. Доколку воздухопловот останал да плови, операторот може да посака да го спаси својот имот со цел да го обнови.

11.5.7 Собирање на човечки остатоци од езерско/речно дно

Човечките остатоци може да останат во остатоците, во случај доколку се извлечат како дел од спасувачките активности, тие ќе бидат предадени на Институтот за судска медицина (патолог).

11.6 Опрема за пребарување со уреди за осветлување

11.6.1 Општо

Онаму каде што треба да се лоцираат и да се соберат уредите за снимање на летот, ќе биде потребна специјализирана опрема за откривање на сигналот од 37,5 kHz.

Некои Агенции за истраги на воздухопловни несреќи имаат ресурси да ги детектираат зраците од 37,5 kHz прикачени на уредите за снимање на летот (FDR) и гласовна комуникација во кабина (CVR) кои се потопени во вода. Оваа можност е составена од опрема што е или земена од подвижно површинско пловило или рачен уред во повеќе неподвижни ситуации и е познат како „ низа за влечење“ или „рачен уред“. Опремата „низа за влечење“ е тешка и гломазна и ќе бара авионска карго пратка и уреди за механичко кревање за да се постави на соодветниот патен транспортер.

11.6.2 „Низа за влечење“

Опремата „низа за влечење“ се состои од низа хидрофони, кои се споени во единицата за откривање преку „папочен“ кабел. Единицата за откривање произведува звучен пинг, чиј степен на волумен е пропорционален со тоа колку е близу низата до зракот. Опсегот на откривање е приближно една милја од зракот во сите насоки. Постојат повеќе од еден избор на „низа за влечење“, папочни и единици за откривање.

Низа 1:	2.9 м. Во должина
Папочна 1:	0.6” дијаметар; 125 м. Во должина, лабаво.
Папочна 2:	0.6” дијаметар; 300 м.; алуминиумски калем; 132 кг (кабел/калем).
Папочна 3:	1” дијаметар; 700 м.; калем со сопирачки.
Единица за пронаоѓање 1:	Единечен канал, аудио излез (звучник и дигалка).

Работењето на „низа за влечење“ бара пловило кое има платформа од која низата може да се распореди на задниот дел и има доволно простор од каде да се монтираат папочните калеми. Единицата за откривање бара напојување од 240vAC и заштита од вода.

11.6.3 Рачна опрема

Рачната опрема е комплет произведен од Dukane кој е составен од хидрофон и слушалки. Хидрофонот е или прикачен директно на батеријата од рачната единица за откривање или е на крајот на рачен продолжителен столб (стап) или е поврзан со единицата за откривање преку кабел. Слушалките се приклучуваат директно во единицата за откривање. Опсегот е повторно приближно една милја, но хидрофонот е насочен.

СОРАБОТКА СО СУДСКИ ОРГАНИ

12. СОРАБОТКА СО СУДСКИ ОРГАНИ

12.1 Вовед

12.1.1 Истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти

Комитетот ги исполнува обврските на Република Северна Македонија според Анекс 13 (воздухопловни несреќи и инциденти) од Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство и регулативата на Европскиот совет 996/2010. Неговите законодавни овластувања се дефинирани со Законот за воздухопловство и Уредбата за пријавување и истражување на несреќи, сериозни инциденти, инциденти и настани на цивилни и државни воздухоплови, КИНСИВ е независна од регулаторот Агенција за цивилно воздухопловство (САА), Министерствотот за транспорт и врски и од судските органи.

КИНСИВ ги истражува сите воздухопловни несреќи, сериозни инциденти и појави (ако одлучи дека истрагата треба да резултира со препорака за безбедност) кои се случуваат во државата. Покрај тоа, КИНСИВ им дава помош на странските истражни тела кои спроведуваат истраги за македонски регистрирани или управувани воздухоплови во странство. КИНСИВ исто така може да обезбеди техничка помош по барање на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи во случај на воздухопловни несреќи или сериозни инциденти на воздухоплови кои се во нивниот регистар за пловидбеност. Целта на овие истраги е да се подобри безбедноста во воздух преку олеснување на експедитивното спроведување истраги, чија единствена цел е спречување на идни несреќи и инциденти. Овие истраги во никој случај не се засегнати со посочување на вина или одговорност. Истражителите на КИНСИВ имаат овластувања да ги испитаат сите несреќи на цивилното воздухопловство и сериозните инциденти во државата. Според Уредбата за пријавување и истражување на несреќи, сериозни инциденти, инциденти и настани на цивилни и државни воздухоплови, тие имаат слободен пристап до местото на несреќата; воздухопловот, неговата содржина или неговите остатоци; сведоци; содржината на летовите; резултатите од испитувањето на телата; резултатите од испитувањата или тестовите направени на примероци од лица вклучени во одржување и опслугата на воздухопловот и релевантни информации или записи.

Тие исто така имаат овластување да го контролираат отстранувањето на остатоци или компоненти; да ги испитаат сите лица како што сметаат дека е правилно или соодветно; да земаат изјави; да влезат во кое било место, објект или воздухоплов; да отстранат и тестираат компоненти како што сметаат дека е потребно и да преземат мерки за зачувување на доказите.

Истражителите на КИНСИВ мора да ги извршуваат своите законски должности во соработка со надлежните органи за судската истрага во надлежност на Јавниот обвинител. Како резултат, истражителите треба да вложат максимални напори да воспостават и одржат добра врска и соработка со Државното јавно обвинителство и полицијата во текот на целата техничка истрага. Целта е да се обезбеди дека Јавното обвинителство, полицијата и истрагите на КИНСИВ можат да продолжат паралелно, без да си попречуваат меѓусебно.

12.1.2 Јавен обвинител

Согласно Законот за кривична постапка, основно право и главна должност на Јавниот обвинител е гонење на сторителот по службена должност. Во согласност со овие должности, Јавниот обвинител има обврска да истражува, спроведува и надгледува доказни дејства и други мерки предвидени со закон. Да резимираме, истражителите на КИНСИВ мора да земат предвид дека Јавниот обвинител е надлежен да се контактира пред се кога има потреба од документација (докази) што произлегуваат од судска истрага.

Забелешка: Јавниот обвинител ги активира полицијата и канцеларијата на судска медицина (патолог).

12.1.3 Министерството за внатрешни работи (Полиција)

Министерството за внатрешни работи има одговорност за извршување на сите надлежности кои произлегуваат од Законот за работа на МВР и Законот за полиција во Република Северна Македонија. Исто така МВР ги обезбедува државните безбедносни служби со цел спроведување на сите кривични и сообраќајни регулативи дадени во надлежните закони. И покрај тоа што сеуште не е потпишан Меморандум за соработка помеѓу КИНСИВ и Министерството за внатрешни работи (македонската полиција), една од основните обврски на полицијата на местото на воздухопловната несреќата кон КИНСИВ е:

- По приемот на информациите за воздухопловна несреќа, сериозниот инцидент и загрозувањето на воздухопловната безбедност, веднаш да се извести КИНСИВ
- Веднаш да се обезбеди местото на воздухопловната несреќа

12.1.4 Известување за воздухопловна несреќа

Известувањето за воздухопловна несреќа во државата доаѓа од голем број извори, вклучувајќи: Контрола на летање (АТС), Центар за управување со кризи (ЦУК), јавноста, операторот, пилотот, МВР, итн. Кога полицијата ќе дознае дека се случила воздухопловна несреќа што се случила во државата, го известуваат КИНСИВ без одлагање.
Кога известувањето првично не доаѓа од полицијата, а КИНСИВ е свесен за воздухопловната несреќа што се случила во државата, КИНСИВ е должен да го извести МВР без одлагање.

12.2 Пред пристигнување на КИНСИВ

КИНСИВ има на располагање Дежурен истражител (IOC-Investigator-On-Call) кој е достапен и може да се контактира 24 часа на ден. По известувањето за воздухопловната несреќа, IOC (Investigator-On-Call) ќе одлучи, во консултација со одговорниот истражител на воздухопловни несреќи, дали КИНСИВ треба да преземе итна истрага и формата во која ќе ја преземе таквата истрага. Онаму каде е соодветно и без одложување, IOC (Investigator-On-Call) ќе го мобилизира истражен тим „Go Team“ на КИНСИВ за да присуствува на местото на воздухопловната несреќа.

Во повеќето случаи, полицијата ќе биде прва присутна на местото на воздухопловната несреќа и како таква ќе воспостави рана и добра комуникација со КИНСИВ. Деталите за локацијата и општо познатите детали во тоа време ќе бидат споделени меѓу двете страни.
За целите на планирањето, IOC (Investigator-On-Call) ќе и ги обезбеди на полицијата следниве информации:

- Планираните постапки на КИНСИВ и проценетото време на пристигнување (ETA);
- Контакт детали за тимот за истраги на КИНСИВ;
- Совети за технички детали што може да бараат итно ангажирање на службите за итни случаи (можни опасности).

IOC (Investigator-On-Call) ќе се обиде да дознае од лицата присутни на местото на несреќата, за можното присуство на расипливи докази, на пр. гориво, мраз, течности и сл. Доколку е можно, идентификуваниот доказ кој е расиплив ќе се фотографира и/или ќе се направат видео записи и таквите записи ќе бидат достапни на IOC (Investigator-On-Call) при пристигнувањето на местото на несреќата.
Непосреден приоритет ќе биде да се организира соодветна медицинска помош и спасување на животно загрозени лица и да се идентификува и обезбеди местото на воздухопловната несреќа. Откако ќе биде поставен кордон/обезбедување, полицијата ќе ја одржува безбедноста на локацијата до пристигнувањето на тимот на КИНСИВ. Општо прифатено е дека полицијата првично ќе го третира местото на воздухопловната несреќа како место на кривичен настан.
Онаму каде што се случиле фатални повреди, императив е остатоците да се остават на самото место сè до пристигнувањето на тимот на КИНСИВ и на тимот од Институтот за судска медицина, бидејќи виталните докази поврзани со воздухопловот можат да се искористат од локацијата/позицијата и однесувањето на жртвите во рамките на местото на остатоците.
Ако остатоците треба да се отстранат (на пр.за да им се помогне на пристапот до повредените лица) пред пристигнувањето на тимот на КИНСИВ и патолозите, мора да се направат детални фотографии од остатоците и околината.
Местото треба да се зачува колку што е можно во поавтентична состојба како што била веднаш по несреќата. Доколку се смета за неопходно, за безбедноста на доказите, да се преместат предмети или на кој било начин да се промени локацијата, полицијата треба, кога тоа е можно, да го извести КИНСИВ за да се кординираат за чекорите што имаат намера да ги преземат. Доколку не е можно да се разговара за таквата акција со КИНСИВ, полицијата треба да организира фотографирање на местото на настанот и треба да го извести КИНСИВ што е можно поскоро за било какви дејствија.
Полицијата треба да состави првичен список на сведоци и да обезбеди нивни детали за контакт, кои треба да бидат споделени со КИНСИВ по пристигнувањето. Доколку КИНСИВ има имиња на сведоци, таквите информации ќе бидат доставени до полицијата, ако се побара.

12.3 Управување со местото на воздухопловна несреќа

12.3.1 Општо

Сите учесници ќе вложат напори да воспостават и одржат добра врска, комуникација и соработка едни со други во текот на нивните соодветни истраги и да работат заедно како што е соодветно за да се постигне најдобриот резултат за сите. Одговорноста за постигнување на ова лежи кај одговорните претставници на секоја страна на местото на несреќата. Онаму каде што првично не е јасно дали друга страна има интерес да спроведе истрага, потенцијалното учество и барањата на другите страни треба да се земат предвид при спроведувањето на истрагата.

12.3.2 Обезбедување на местото на воздухопловна несреќа

Полицијата ќе ја контролира безбедноста и пристапот до местото на несреќата. За места од големи размери, можеби ќе треба да се бараат дополнителни безбедносни ресурси од Министерството за одбрана.
Безбедноста на местото на несреќата е најважна, а пристапот треба да им се даде само на лица кои можат да докажат дека имаат законско право да бидат присутни на самото место на несреќата. Сите истражители на КИНСИВ носат карактеристична и обележана заштитна облека. Покрај тоа, сите тие носат идентификациони карти и службени легитимации и, согласно тоа, се очекува тие да го докажат својот идентитет при пристигнувањето на местото на несреќата.
Важно е КИНСИВ и полицијата да го разгледаат нивото на зачувување на сцената и безбедноста на локацијата во текот на истрагата. Ако било која страна има намера да се повлече од местото, потребно е да се известат меѓусебно. Ова е особено важно кога полицијата сака да се повлече, така што КИНСИВ ќе треба да направи алтернативни безбедносни аранжмани пред нивното заминување.

12.3.3 Пристигање на КИНСИВ на местото на воздухопловна несреќа

Истражителите на КИНСИВ ќе треба да пристапат на местото без одложување за да овозможат идентификација и обезбедување на докази кои се подложни на промена. Како експерт во својата област, истражителот на КИНСИВ ќе ги препознае доказите кои се клучни за истрагата за воздухопловните несреќи, што може да не бидат потребни за полициската истрага. Истражителите на КИНСИВ исто така ќе ја имаат потребната експертиза за да ги евидентираат, соберат и отстранат доказите со минимални оштетувања. Имајќи го ова предвид, КИНСИВ при пристигнувањето ќе се идентификува пред одговорниот полициски старешина и полицијата треба да ги информира за преземените постапките пред нивното доаѓање.
Главниот истражител на КИНСИВ (IIC-Investigator-In-Charge) ќе разговара и ќе разработи план со одговорниот полициски старешина, кој се наоѓа на лице местото, за акција за извршување на почетниот „преглед“ на местото на несреќата.

12.3.4 Безбедност на локацијата

КИНСИВ ќе назначи истражител одговорен за безбедност на локацијата **(Safety)**, кој директно ќе соработува со одговорниот полициски старешина и ќе го советува за можни опасности присутни на местото на несреќата.
Страните ќе ја задржат примарната одговорност за безбедноста на сопствениот персонал и на оние кои работат под нивна директива, но важно е сите страни да соработуваат и да ги координираат своите активности со цел да ја одржат сопствената безбедност и безбедноста на местото на несреќата.

12.3.5 Пронаоѓање на тела и идентификација

На полицијата и е доделено пронаоѓањето и последователното идентификување на човечки остатоци, каде што е практично да се стори тоа, по настан што резултирал со смрт. Овој процес се одвива во консултација со надлежни од Институтот за судска медицина (патолози). Процесите и процедурите што се користат во текот на оваа фаза на истрагата ќе бидат внимателно прегледани, рутински и тесно поврзани во секоја последователна правна постапка. Оваа клучна област на истрагата ќе биде дел од раната дискусија насочена кон донесување на заедничката стратегија за придвижување на истрагата нанапред. Полицијата ќе овозможи пристап на КИНСИВ до сите тела што се наоѓаат на местото на несреќата, бидејќи може да се добијат важни информации поврзани со воздухопловот кои можат да помогнат во истрагата.

12.3.6 Собирање и употреба на докази

12.3.6.1 Општо

Упатствата за доказите во овој дел се однесуваат на докази за кои и КИНСИВ и полицијата имаат интерес. Секоја страна треба да изготви и договори целокупен план за прибирање докази за да се обезбеди дека сите страни ќе бидат информирани. Сите страни треба да преземат чекори за да ги разјаснат нивните интереси во однос на доказите.
Во овој поглед, КИНСИВ и полицијата се согласуваат да водат евиденција за сите собрани докази и за значајните чекори кои се преземени во текот на нивната истрага, кои можат да бидат споделени во секое време со другата страна, а се предмет на законските ограничувања за објавување.
„Значајни чекори“ вклучуваат преземени активности што можат да влијаат на процесот на собирање докази, на пр.поместување на остатоци како дел од спасувачката операција. Не е потребно страните да ги забележат сите ситни активности преземени на местото на несреќата или на друг начин во врска со нивната истрага, но евиденцијата на собраните докази треба да ги содржи потребните информации за дејствијата преземени како дел од постапката за собирање докази, кои биле суштински за обезбедување на најдобри докази.

Од суштинско значење е КИНСИВ и полицијата да ги земат предвид нивните соодветни интереси при собирањето и зачувувањето на доказите од местото на несреќата и во секое последователно испитување или анализа на доказите.
Сите докази собрани од КИНСИВ или полицијата треба да бидат соодветно зачувани така што другите страни можат да пристапат до нив доколку тоа се бара, и ако тоа е во нивна моќ да го сторат тоа. Онаму каде едната страна сака да отстрани докази што ги поседува и не е сигурна дали друга страна има интерес да ги задржи тие предмети, страните треба меѓусебно да се консултираат, пред неговото отстранување за да се договорат за најдобриот тек на дејствување.
Како општо правило, техничките докази собрани од истражителите на КИНСИВ, за кои е потребно дополнително испитување, ќе се задржат од страна на КИНСИВ, кој ќе ја одржи потребната доказна трага. Меѓутоа, доколку полицијата не го стори тоа, или се чини дека тие нема да бараат спроведување на истрага за воздухопловна несреќа, можеби не е потребно да се одржува истата детална доказна трага.
Кога полицијата ги собира и задржува документите како докази, вообичаено, копиите од овие документи ќе бидат доволни за целите на КИНСИВ.
Кога КИНСИВ поседува документ како доказ, ќе се одржува потребната доказна трага. Овој евидентен стандард мора да се земе предвид кога се прибираат докази, предадени на трети лица, испитувани или анализирани.
Затоа, на пример, кога се собрани докази од местото на несреќата, тоа мора да го направи едно лице во присуство на друго лице. И двајцата треба да можат да зборуваат за процесот на собирање докази и евиденцијата за собирање докази мора да ја одржуваат две лица. За таа цел, КИНСИВ може да обезбеди меѓусебна помош или да бара полициска помош.
Овие евидентни стандарди се подеднакво важни во однос на испитувањата или анализата на докази. Ова е особено важно кога испитувањето или анализата може да резултира во контролирано уништување на предметот; во овој случај, другите страни нема да имаат можност да спроведат независна анализа. Ако се размисли за ова, тогаш сите страни треба да бидат консултирани и да им се даде можност да бидат присутни за време на испитувањето или анализата.
КИНСИВ може етапно да ослободува делови од местото од својата истрага, како што се собираат доказите и како што истрагата станува се пофокусирана. Во ваквите случаи, ова ќе се изврши само по консултација со полицијата за да се обезбеди дека секое предавање/враќање е извршено на контролиран начин, земајќи ги предвид интересите на сите страни.

12.3.7 Изјави од очевидци/интервјуа

За време на паралелните истраги, КИНСИВ и полицијата ќе имаат барања за интервју со очевидци и инволвирани страни. КИНСИВ мора да спроведе сопствени интервјуа со клучните лица одделно (пилотот, персоналот за одржување, клучните очевидци итн.), но ќе ја извести полицијата без да даде официјална изјава.

Полицијата ќе спроведе и свои посебни интервјуа со сведоците. КИНСИВ вообичаено ќе ги интервјуира лицата што е можно поскоро и во приватност, со цел да се добие целосна и искрена изјава за настаните. Страните ќе се поврзат, како што е соодветно, за да ги координираат интервјуата на сведоците. Полицијата вообичаено ќе направи изјави потпишани од сведоците. КИНСИВ подлежи на законска забрана за објавување на сведоштва или изјави на сведоци согласно Деловник за работа на Комитетот за истраги на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти, што забранува на истражителот на КИНСИВ да објави специфични записи кои се земени за време на истрагата. Затоа, КИНСИВ зема докази од сведоците врз основа на тоа дека се доверливи и нема да бидат откриени, освен ако не се утврди дека тоа се бара заради јавен интерес од страна на надлежниот Јавен обвинител или судот. КИНСИВ зема официјални потпишани изјави. Полицијата може да помогне на сопствената и/или на истрагата која ја води КИНСИВ со составување на список на лица кои биле сведоци на несреќата и нивните детали за контакт. Затоа, размената на познати очевидци и нивните детали за контакт ќе бидат достапни меѓу двете страни, секогаш кога тоа е можно. Нормално, полицијата нема никакви потешкотии да даде копии од изјавите на сведоците коишто полицијата ги земала и истите да ги даде на истражителите на КИНСИВ. Сепак, ова ќе се разгледува од случај до случај, на барање на КИНСИВ.
Полицијата ќе ги стави на располагање, релевантните не-кривични докази и наоди, по барање на КИНСИВ. Ова важи дури и кога КИНСИВ првично не присуствувале на местото на несреќата, но последователно одлучила да започне истрага.
Во однос на повредените лица кои се пронајдени на местото на несреќата, од витално значење е полицијата да води евиденција за тоа во која болница е пренесен секој преживеан. КИНСИВ може да побара пристап до овој запис, за да може преживеаните да бидат интервјуирани во соодветно време во текот на истрагата на КИНСИВ.

12.3.8 Необјавување на записите

На КИНСИВ му е забрането да ги открива следниве записи:

- Изјави земени од лица од органите на истрагата за време на нивната истрага;
- Комуникација меѓу лица вклучени во оперирање на воздухопловите;
- Медицински или приватни информации на лицата вклучени во настанот;
- Гласовни снимки или преписи од такви снимки;
- Записи од податоци или резултати од ваквите записи; и
- Мислења изразени во анализата на информациите, вклучително и информации за уредите за снимање на летот.

Освен ако соодветниот орган за спроведување на правдата во состојба на појавата утврди дека придобивките што произлегуваат од објавувањето на записите, го надминуваат негативното домашно и меѓународно влијание, може да ги открие податоците за таа или за некоја идна истрага.

12.3.9 Контакт со повредени, ожалостени и роднини

Кога несреќите доведуваат до сериозни повреди и смртни случаи, важно е сите истражни тела да бидат поврзани и да се договорат аранжмани за информирање на повредените и ожалостените во врска со напредокот на истрагите.

12.3.10 Ангажирање на трети страни

Што се однесува до практиката дека страните треба да се консултираат едни со други во однос на вработувањето и овластувањето на трети лица со кои треба да се склучи договор во врска со нивната истрага, е со цел да се осигура дека нивните надлежности ги исполнуваат потребите на сите страни. Во овој поглед, КИНСИВ, најверојатно, ќе ги користи услугите на компаниите за изнајмување на транспорт, со цел да обезбеди соодветни возила за собирање на остатоците. Ова може да вклучува ниски натоварувачи, камиони со контејнери и кранови, итн. КИНСИВ исто така може да користи соодветна полициска/воена опрема за собирање, вклучувајќи хеликоптери за собирање на остатоците од недостапни места.

12.3.11 Јавни соопштенија / Конференции за печат / Известување за медиуми

Во случај на голема воздухопловна несреќа, КИНСИВ и полицијата меѓусебно ќе се консултираат, за да се обезбеди соодветност и фактичка точност на било какви објави во медиумите и колку што е можно повеќе да се координираат активностите. Кога е закажана конференција за печат со повеќе служби, КИНСИВ ќе присуствува за да одговори на специфични прашања поврзани со истрагата на КИНСИВ. Во случај на сите други несреќи и инциденти, КИНСИВ објавува информации во печатот без да биде обврзана да се координира со полицијата.

12.4 Координација на КИНСИВ со Институтот за судска медицина

Институтот за судска медицина има целосна одговорност за идентификација на телата и остатоците и тој/таа има право на ексклузивно поседување и контрола на починато лице сè додека не се утврдат фактите за нивната смрт. Ќе се изврши целосна обдукција и форензичко испитување на сите починати и секоја смрт ќе биде предмет на истрага.

12.5 Жртви

Повеќекратни жртви се карактерични за повеќето големи воздухопловни несреќи и секоја надлежна институција која ќе одговори на настанот ќе има воспоставено детални аранжмани, со кои се утврдува улогата на институции во справувањето со жртвите.
Откако ќе заврши спасувањето, и нема дополнителни преживеани на местото на несреќата, фокусот на работата ќе се промени кон евидентирање на жртвите и собирање на докази.

Ниту едно отстранување на мртвите нема да се случи без овластување на Институтот за судска медицина и во консултација со КИНСИВ, освен ако тоа не е неопходно за да се влијае на спасување на други жртви. Откако правилно се евидентирани смртните случаи, КИНСИВ, Институтот за судска медицина и полицијата ќе го координираат навременото отстранување на остатоците од местото на несреќата. На барање на КИНСИВ, Институтот за судска медицина ќе достави извештај од обдукција и извештај од токсикологија за жртвите.

КОНТАКТ СО ОЖАЛОСТЕНИ И ПОВРЕДЕНИ

13. КОНТАКТ СО ОЖАЛОСТЕНИ И ПОВРЕДЕНИ

13.1 Вовед

Кога КИНСИВ е повикан да ја испита фаталната воздухопловна несреќа треба да оствари ран контакт со ожалостеното семејството, по можност преку или заедно со полицијата. Тие треба да се сретнат со ожалостените, веднаш штом семејството го побара тоа, за да ја објаснат улогата и одговорностите на КИНСИВ и да ги информираат за напредокот и резултатот од истрагата. Врската со семејствата на жртвите од странска држава треба да се спроведува преку ACCREP (Accredited Representative) или експерт назначен од таа држава.

13.2 Принципи за работа со ожалостени семејства

Кога некој ќе почине како резултат на воздухопловна несреќа, оние што ги оставиле зад себе ќе бидат нетрпеливи да откријат што се случило со нивните најблиски како и причините за неговата/нејзината смрт. Во многу случаи, тие исто така ќе сакаат некој или некоја организација да преземе одговорост за настаните што довеле до несреќата. **Улогата на КИНСИВ е ограничена на испитување на причините за несреќата и не опфаќа посочување на вина или одговорност**. Ова може да биде особено тежок дел, и затоа ова упатство е напишано да им помогне на истражителите во справувањето со лица кои доживеале ненадејна и неочекувана загуба и кои можеби не ја разбираат улогата на различните страни вклучени во настаните по несреќата и истрагите.

13.3 Претставник за врска со семејството (FLO-Family Liaison Officer)

Во случај на несреќи со повеќе смртни случаи, координативното тело на Владата на Република Северна Македонија ќе назначи претставник за комуникација со ожалостените и роднините на загинатите/повредените (FLO), за да ги обезбеди потребните информации. КИНСИВ не комуницира со семејствата на загинатите/повредените во тој момент. По несреќата, КИНСИВ ќе ги информира семејствата за текот на истрагата.

13.4 Контакт

IIC (Investigator-In-Charge) на конкретната истрага треба да биде свесен за загриженоста на семејствата и преживеаните и треба да обезбеди дека тие ќе бидат информирани. За да се заштити IIC (Investigator-In-Charge) од голем број директни прашања, КИНСИВ треба да размисли да назначи лице за врски како службеник за помош во семејството (FAO) за такви прашања.

13.5 Средби со семејствата

Во случај на помал настан, лицето за врска обично треба да организира семејни состаноци во седиштето на КИНСИВ. Тие вообичаено не треба да се организираат во домот на семејството.
Доколку сепак не е достапно друго место, лицето за врска треба да осигура дека тие ќе преземат целосна одговорност за спроведувањето на состанокот и треба да бидат придружени од најмалку уште еден друг истражител. Без оглед на местото на настанот, на семејството треба да му се даде јасен брифинг за целта на состанокот и да не се даваат нереални очекувања. Ако брифингот е наменет за едно или две ужалени лица, тие треба да бидат охрабрени да имаат присутен со нив близок роднина или пријател за да си обезбедат емотивна поддршка. Ова има дополнителна придобивка што пријателот или роднината кој ги придружува честопати има посилно и поточно сеќавање за техничките детали и може да ги повтори релевантните факти на ожалостените лице кажани за време на неизбежните дискусии, долго време по завршувањето на брифингот. Силно се препорачува секогаш да се одвојуваат членовите на семејството на екипажот од патничките семејства. Семејството на екипажот може да се сметаат за „лошите“.

13.5.1 Соопштување на информации

Како општ принцип, кога се соочувате со барања за информации од ожалостеното семејство, треба да се биде што е можно поотворен. Сепак, иако сосема е во ред да се дадат детали за напредокот на истрагата, мора да се внимава да не откриваат истражени материјали, како што се изјави на сведоци или записи од интервјуа. Како и да е, соодветно е да се обезбедат, доколку се побара, копии на сите документи од јавен домен.

13.5.2 Гледање на остатоците

Некои членови на семејството и пријателите на починатите ќе сакаат да ги видат остатоците од воздухопловот, но некои не. Ова може да се случи на местото на несреќата или откако ќе се отстранат остатоците во хангарот за преглед на остатоци на КИНСИВ. Треба секогаш да се понуди можност за прегледување на остатоците, но FLO мора да го разјасни дека ова е личен избор и не се очекува дека некој ќе сака да го посети местото на несреќата или хангарот.
Меѓутоа, веројатно е дека членовите на семејството ќе имаат предност да ги видат остатоците. Тие треба да бидат пречекани на главниот влез и да бидат придружувани од најмалку еден истражител (по можност IIC- Investigator-In-Charge) и да бидат однесени во хангарот. Персоналот на КИНСИВ е навикнат да гледа и да се справува со остатоци, но семејството што го посетува, можеби е вознемирено од општата глетка во хангарот. Како резултат на тоа, треба да се даде кратко објаснување што може да видат пред да стигнат во хангарот.

Исто така, подобро е да се осигураме дека другите вработени присутни во хангарот (особено интражителите кои работат во хангарот или се придружба на посетителите) се свесни за посетата и добро водат сметка за семејството кое е дојдено, или престануваат да работат ако испитуваат други остатоци.

Специфичниот остаток треба да се положи и подели што е можно подобро заради сознанието дека им се презентира на семејствата. Доказите од крв треба да се отстранат кога е тоа можно.

Треба да се разгледа можноста семејствата да имаат одредено „време да бидат на само“ со остатоците. Гледањето е емотивно тешко за нив и треба да им се даде време да се смират пред да го напуштат хангарот.

ПОТРАГА И СПАСУВАЊЕ (SAR)

14. ПОТРАГА И СПАСУВАЊЕ (Search and Rescue -SAR)

Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија управува со операциите и ги координира сите страни (агенции) вклучени во операциите за потрага и спасување (SAR) во случај на воздухопловни несреќи во земјата.

ИЗВЕШТАИ ОД ИСТРАГАТА

15. ИЗВЕШТАИ ОД ИСТРАГАТА

15.1 Вовед

Согласно Законот за воздухопловство, Регулативата на ЕУ 996/2010 и ICAO Анекс 13, одговорност е на КИНСИВ, како држава која ја спроведува истрагата, да ги објави извештаите за преземените истражни активности.

15.2 Видови на извештаи

15.2.1 Прелиминарен извештај

Доколку истрагата, спроведена од КИНСИВ, нема да биде завршена во рок од 30 дена од денот на несреќата или сериозниот инцидент, КИНСИВ, во тој временски период, ќе изготви прелиминарен извештај. Постојат два вида прелиминарни извештаи; оној што е објавен на годишнина од несреќата/сериозниот инцидент и еден објавен за спроведениот сегмент од истрагата. КИНСИВ го доставува прелиминарниот извештај до следните страни:

- Влада на РСМ
- Министерство за транспорт и врски
- Агенција за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија
- Државата на регистрација или Државата на настанот
- Државата на операторот
- Државата на дизајнот
- Државата на производство
- Државата која дава информации, значајни објекти или експерти
- Држави кои имаат интерес заради смртни случаи
- ICAO (во случај на несреќа, за воздухоплови над 2250 кг; во случај на сериозен инцидент, за воздухоплови над 5700 кг)

Прелиминарниот извештај мора да ја гарантира доверливоста на податоците. Формата на прелиминарен извештај за несреќа и сериозен инцидент е даден како **Прилог бр.12** на овој Прирачник.

15.2.2 Привремен извештај

Привремениот извештај го објавува КИНСИВ во следниве случаи:

- По завршување на одреден дел од истрагата,
- По одредено време поминато од моментот кога се случил настанот,
- Доколку биле откриени значителни наоди за време на истрагата и е донесен значителен заклучок,
- На годишнината од настанот, ако конечниот извештај не е објавен.

Тој се состои од следниве сегменти:

- Фактички информации
- Историја на летот
- Информации за персоналот
- Информации за воздухопловот
- Метеоролошки информации
- Комуникација
- Уреди за снимање на летот (доколку е применливо)
